Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 334, 1 декември 2023 година

декември 2023 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИЗИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **3**

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРЕТПРИЕМНИШТВО НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **9**

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИМПЛАНТОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **44**

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕДИЦИНСКА ГЕНЕТИКА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП** ........ **63**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „ОПШТА ЛИНГВИСТИКА“ ОД ПРОФ. Д-Р ИГОР СТАНОЈОСКИ, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП** ........ **75**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „ОСНОВНИ ПОЗНАВАЊА НА ЛАБОРАТОРИСКАТА РАБОТА” ОД НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФ. Д-Р ДАНИЈЕЛА ЈАНИЌЕВИЌ-ИВАНОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ **78**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ЛЕКСИКОЛОГИЈА НА ИТАЛИЈАНСКИОТ ЈАЗИК“ - РЕЦЕНЗИРАН ПРАКТИКУМ ОД ДОЦ. Д-Р НАДИЦА НЕГРИЕВСКА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ **82**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „ЛЕКСИКОЛОГИЈА НА ИТАЛИЈАНСКИОТ ЈАЗИК“ – РЕЦЕНЗИРАНА СКРИПТА ОД ДОЦ. Д-Р НАДИЦА НЕГРИЕВСКА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ **85**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „НЕВРОЛОГИЈА НА ВИЗУЕЛНА ПЕРЦЕПЦИЈА” ОД ДОЦ. Д-Р ЕЛЕНА СИМЕОНОВСКА-ЈОВЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ **88**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ВАЛИДАЦИЈА НА КОМПЈУТЕРИЗИРАНИ СИСТЕМИ ОД КАТЕГОРИЈА 4 И 5 СПОРЕД ДОБРАТА АВТОМАТИЗИРАНА ПРОИЗВОДНА ПРАКТИКА“ ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП** ........ **90**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУС 3** ........ **95**

**ПРЕГЛЕД**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА** ........ **95**

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл. инж.
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИЗИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-204/15 од 14.8.2023 година донесена на 306. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 14.8.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област физиологија (30104) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- д-р Људмила Ефремовска, редовен професор за наставно-научната област физиологија, вработена на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – претседател;
- д-р Милка Клинчева, насловен вонреден професор за наставно-научната област физиологија и патофизиологија, вработена во Клиника „Жан Митрев“ во Скопје, член;
- д-р Мире Спасов, вонреден професор за наставно-научната област физиологија и биохемија, вработен на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 8.7.2023 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката **д-р Ели Ханџиска, насловен доцент.**

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Ели Ханџиска е родена 9.2.1975 год. во Скопје. Основно и средно образование завршува во Скопје. Со високо образование се стекнува на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што дипломира во 2000 год. со средна оценка 8,13. Истата година се вработува на Институт за социјална медицина, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје. Стручниот лекарски испит го положува во 2001 год. Од 2002 година е вработена на Институтот за физиологија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, каде што истата година е избрана во помлад асистент. Во 2011 година се запишува на докторски студии на Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Во 2012 година го положува специјалистичкиот испит по спортска медицина и се стекнува со звање специјалист по спортска медицина. Од 2012 година е вработена во ПЗУ „Кинетикус - спортска медицина и наука за движење“, како специјалист по спортска медицина. Докторските студии ги завршува во 2018 година со одбрана на својата докторска дисертација со наслов „Влијанието на соматотипот и нивото на аденокортикотропниот хормон и кортизолот врз тренажниот процес кај млади фудбалери”. Во 2018 година избрана за насловен доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип по предметот Физиологија.

Кандидатката активно се служи со англиски, француски, српски и хрватски јазик.

Д-р Ели Ханџиска е лиценциран доктор на ФК „Вардар". Таа е член на: Здружението на лекарите по спортска медицина, Антидопинг комисијата при Агенцијата за млади и спорт, Македонското лекарско друштво, Здружение на физиолози на РСМ и член на Лекарска комора на РСМ.

Д-р Ели Ханџиска е автор или коавтор на над 40 трудови од областа на медицината објавени во домашни или странски списанија. Коавтор е на книги и практикуми од областа на физиологијата и спортската медицина.

Во последните две години кандидатката по покана на организаторите директно учествува во состаноци на: Централноевропската антидопинг организација (март 2023 г., Лозана, Швајцарија); Антидопинг агенција на Р. Србија (август 2023 г., Белград, Србија); Самит на Централно и Источноевропска антидопинг организација (октомври 2023 г.), како претставник од РС Македонија.

Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Општи услови за избор:**

1. Просек на додипломски студии – 8.13 (Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје).
2. Научен степен доктор на науки со одбрана на докторската дисертација „Влијанието на соматотипот и нивото на аденокортикотропниот хормон и кортизолот врз тренажниот процес кај млади фудбалери" на ПМФ, УКИМ, Скопје.
3. Претходен избор во насловен доцент (Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип) во 2018 г.
4. Објавени најмалку пет научни трудови во референтни научни публикации во последните пет години.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Dalip M., Handjiski Z., Handjiska E. | Changes of stress hormones and testosterone levels in professional football team after preparation period of six weeks | Research in Physical Education, Sport and Health, Vol.11, No.1, pp 213-217, 2022 | |
| 2 | Handjiska E., Dalip M., Handjiski Z. | Changes of creatine kinase, potassium and anaerobic threshold in professional football team after preparation period of six weeks. | Research in Physical Education, Sport and Health, Vol.11, No.1, pp 209-212, 2022 | |
| 3 | Handjiski Z., Dalip M., Handjiska E. | Chagnes of isokinetic characteristics in flexion and extension of knees in professional football team after prepration period of six months. | Research in Physical Education, Sport and Health, Vol.11, No.1, pp 197-201, 2022 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | Sehin Yildrim S., Handjiski Z., Handjiska E., Cerit M., Metin D. | Investigation of the effects of water exercises on body. | International Journal of Sport Sciences and Health, (in print), Vol 10, No 21-22, pp.xx-xx, 2023 (прифатен за печатење, доставена потврда) | |
| 5 | Handjiski Z., Handjiska E., Dalip M. | Stress hormone levels and ACTN3 genotupe in young soccer players. | Gazi Medical Journal (in print), Vol 59, pp.xx-xx, 2023 (прифатен за печатење, доставена потврда) | |

5. Сертификат од УКИМ, Филолошки факултет за познавање на англиски јазик Б2 според CERF.

6. Кандидатката д-р Ели Ханџиска својата способност за изведување на високообразовна дејност ја потврдува во периодот кога е помлад асистент на Катедрата по физиологија, Медицински факултет, УКИМ, Скопје, и како насловен доцент на Катедрата по физиологија на Медицински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

**Посебни услови:**

1. Д-р Ели Ханџиска е активен учесник и предавач на национални, регионални и меѓународни семинари и состаноци од областа на спортска медицина и антидопинг контрола.

2. Препораки од двајца професори од соодветната област – Кандидатката достави две препораки: од вонреден професор д-р Мире Спасов од Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и од редовен професор д-р Људмила Ефремовска, Медицински факултет, УКИМ, Скопје.

3. Кандидатката е автор на рецензиран „Практикум по Физиологија 1“, објавен во 2023 година во е-библиотека на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Од 2002 година д-р Ели Ханџиска е вработена на Институтот за физиологија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, каде што истата година е избрана во помлад асистент. На истата Катедра е реизбрана во истото звање во 2005 год. Во тој период изведува практична настава покажувајќи одлични едукативни и наставни способности кон сите профили на студенти кои се едуцираат на катедрата.

Во 2018 година е избрана за насловен доцент по предметот Физиологија на Медицински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Во опсегот на нејзините активности во овој период спаѓаат: Спортска медицина (практична и теоретска настава на стручните студии за физиотерапевти и на студентите по општа медицина); Физиологија (практична и теоретска настава на стручните студии за лаборанти); Медицинска физиологија (практична и теоретска настава на Фармација); Физиологија 1 и 2 - теоретска настава на Дентална медицина).

**Објавени научни трудови во меѓународни списанија во последните 5 години:**

1. Dalip M., Handjiski Z., Handjiska E. Changes of stress hormones and testosterone

levels in professional football team after preparation period of six weeks. Research in Physical Education, Sport and Health, Vol.11, No.1, pp 213-217, 2022.

Целта на студијата е да се евалуираат промените на стрес хормоните и тестостеронот по подготвителен период од 6 недели кај професионални фудбалери од националната репрезентација. Биле вклучени 25 професионални фудбалери кај кои во примероци на венска крв се одредени серумските вредности на тестостерон, ACTH и кортизол. Резултатите покажале дека промените на тестостеронот укажуваат на зголемен ниво на тренинг, а промените на кортизолот, ACTH и AnT укажуваат на депресија на адреналниот кортекс без позитивни ефекти од тренажниот процес.

2. Handjiska E., Dalip M., Handjiski Z. Changes of creatine kinase, potassium and anaerobic threshold in professional football team after preparation period of six weeks. Research in Physical Education, Sport and Health, Vol.11, No.1, pp 209-212, 2022.

Во студијата се иследувани промените на креатин киназата (КК) и нивото на калиум во серумот, како и AnT и максималната брзина на трчање пред и по подготвителен период од 6 недели кај 25 професионали фудбалери. Регистриран е сигнификантен пораст на КК по подготвителниот период пред и по изведување на максимален физички тест, а за калиумот само по максимален физички тест. Не се добиени промени во AnT, што укажува дека тренажниот процес е неадекватен и не предизвикува позитивни ефекти и адаптација за периодот на натпревари.

3. Hahdjiski Z., Dalip M., Handjiska E. Chagnes of isokinetic characteristics in flexion and extension of knees in professional football team after prepration period of six months. Research in Physical Education, Sport and Health, Vol.11, No.1, pp 197-201, 2022.

Евалуирани се промените на мускулните карактеристики кај изокинетички тестови на двете колена, во флексија и екстензија и при различна брзина на движење кај професионални фудбалери по 6-месечен период на тренинзи и натпревари. Добиените резултати потврдуваат дека сигнификантните промени на некои изокинетички карактеристики при поголеми брзини на десната нога се очекувани за време на фудбалскиот тренажен процес и натпреварите. Се чини дека значајното зголемување на базичните изокинетички способности на мускулната сила на квадрицепсите и бицепсите на натколеницата има најголемо значење во стратегијата на тренажниот процес кај професионалните фудбалери.

4. Sehin Yildrim S., Handjiski Z., Handjiska E., Cerit M., Metin D. Investigation of the effects of water exercises on body. International Journal of Sport Sciences and Health, (in print), Vol 10, No 21-22, pp.xx-xx, 2023.

Целта на студијата била да се испитаат ефектите на тренингот во вода врз составот на телесната маса, виталните знаци и нивото на гликемијата. Иследувани се 40 универзитетски студенти кои биле вклучени во програма за тренинг во период од 10 недели. Добиени се статистички сигнификантни разлики за пулсот и сатурацијата, но не и за гликемијата. Значајни разлики се најдени и за телесната тежина, мускулната маса, процентот на масти, обемот на струкот, торзото и двете нозе.

5. Handjiski Z., Handjiska E., Dalip M. Stress hormone levels and ACTN3 genotype in young soccer players. Gazi Medical Journal (in print), Vol 59, pp.xx-xx, 2023.

ACTN3 генотипот може да помогне во процесот на селекција и специјализација на младите фудбалери. Целта на студијата била да се одреди ACTN3 генотипот и неговата релација со нивото на ACTH и кортизол во плазмата кај 46 фудбалери на возраст од 15 до 17 години. Најчеста варијанта на генотип најдена кај 44% од испитаниците била RR. Не е добиена сигнификантна корелација помеѓу нивото на стрес хормоните (кортизол и ACTH), во мирување и по максимален физички напор, и варијантата на ACTN3 генотипот. Потребни се добро дизајнирани студии кај елитни професионални фудбалери од различни национални лиги за да се утврди евентуална поврзаност помеѓу овие варијабли за да се потврдат резултатите од некои студии.

**Трудови презентирани како постери или усни излагања на меѓународни конгреси и симпозиуми во последните 5 години:**

1. Handjiski Z., Handjiska E. Incidence and types of injuries of legs and isokinetic characteristics of knees nad ankles in young male handball players. Medicina Dello Sport, Vol 72-Suppl.1 Al N.3, pp 46, September 2019. Овој труд е усно презентиран и во него се анализирани зачестеноста и видот на повреди на долните екстремитети кај млади фудбалери, при што е утврдено дека најчеста повреда била дисторзијата на десниот скочен зглоб.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Д-р Ели Хаџиска учествувала активно на повеќе стручни собири и била вклучена во програмски одбори на неколку стручни собири.

Во последните две години кандидатката по покана на организаторите директно учествува во состаноци на: Централноевропската антидопинг организација (март 2023 г., Лозана, Швајцарија); Антидопинг агенција на Р. Србија (август 2023 г., Белград, Србија); Самит на Централно и Источноевропска антидопинг организација (октомври 2023 г.) како претставник од РС Македонија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз база на приложените документи од страна на пријавената кандидатка д-р Ели Хаџиска кои детално беа прегледани и валоризирани според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува нејзината наставно-научна, научноистражувачката и стручно-апликативна дејност.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да ја избере д-р Ели Хаџиска во звање насловен вонреден професор по за наставно-научната област физиологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Људмила Ефремовска, редовен професор, претседател, с.р.

Д-р Милка Клинчева, насловен вонреден професор, член, с.р.

Д-р Мире Спасов, вонреден професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Избор во звање помлад асистент | 2 | 10 | / | / | **20** |
| 4. | Избор во звање доцент | 1 | 30 | / | / | **30** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **50** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 4. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) 9/6/3<br>Прв автор (труд бр. 2): 1 x 9<br>Втор автор (труд бр. 5): 1 x 6 = 6<br>Останати автори (труд бр. 1,3,4) 3 x 3 =9 | 5 | 9+6+3+3+3 | | | **24** |
| 9. | Учество на научен собир со реферат (усно) во странство | | | 1 | 2 | **2** |
| 10. | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | / | / | **8** |
| 11. | Одбрана на постдокторски труд или одбрана на специјализација | 1 | 6 | | | **6** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Поглавје во книга | 1 | 4 | / | / | **4** |
| 7. | Пленарно предавање на стручен собир | 2 | 2 | / | / | **4** |
| 13. | Учесник во научен проект | 1 | 2 | / | / | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **10** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **100** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРЕТПРИЕМНИШТВО НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2102-169/4 од 2.11.2023 година донесена на 297. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 2.11.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област претприемништво на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 17.10.2023 година и во предвидениот рок се пријави д-р Марија Магдинчева-Шопова, вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Марија Магдинчева-Шопова** е родена на 28 март 1972 година во Гевгелија, каде што завршува основно образование. Средно образование завршува во Гимназијата „Јосиф Јосифовски” - Гевгелија, на економската насока во 1988/1989 година и со завршување на истото се здобива со стручни квалификации на економски техничар. Натамошното образование го продолжува на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” на Економски факултет во Скопје, на кој се запишува во учебната 1989/1990 година на насока Надворешна трговија и маркетинг. Во 1994 година го оформува високото образование и се стекнува со стручен назив дипломиран економист, VII/2 степен.

Со научен академски степен магистер по економски науки од областа на МБА-менаџмент, кандидатката се стекнува на 30 април 2008 година, кога успешно го брани магистерскиот труд со наслов „*Начини за започнување со мал бизнис*”, исто така, на Економски факултет во Скопје, каде што пријавува докторска дисертација на тема „*Организациска култура кај мали претпријатија*” и со успешна одбрана на истата на ден 16.9.2011 година се стекнува со научен академски степен доктор по економски науки.

По завршувањето на високото образование кандидатката работи како референт за посредување во транспорт и шпедиција и наплата на побарувања во мешовитото претпријатие за меѓународен транспорт и шпедиција „ЕГЗИТ“ во Скопје, се до 1996 година кога почнува да работи како директор на Стоковната куќа „ТИПО-ГВ“ во Гевгелија. Од 1999 година започнува да работи во Фондот на пензиското и инвалидско осигурување на Македонија, на работно место раководител на Филијала Гевгелија, а од 2002 година работи како контролор за наплата на придонес за пензиско и инвалидско осигурување. Од 2006 година до 1.11.2012 година работи како раководител во Фонд на ПИОМ - Филијала Гевгелија.

Од 2.11.2012 година до 14.4.2014 година кандидатката работи како соработник во наставно-научна област претприемништво на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, а врз основа на Одлуката за избор на наставник во наставно-научно звање доцент бр. 2602-501/10 од 16.4.2014 година донесена од Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика е избрана за универзитетски доцент за наставно-научната област претприемништво.

Врз основа на Одлуката за избор на наставник во звање вонреден професор бр. 2102-473/3 од 30.11.2018 година донесена од Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, кандидатката е избрана за вонреден професор за наставно-научната област претприемништво и економика на претпријатија. Покрај ангажман и вклученост во редовните студии, д-р Магдинчева-Шопова е вклучена во наставата на втор циклус студии на насоките Бизнис логистика, Бизнис администрација и Меѓународен туризам (Одлука број 2102-125/4 од 25.6.2020 г.), како и на трет циклус студии на студиската програма Туризам и угостителство (Одлука број 2102-386/4 од 18.12.2018 г.).

Паралелно со образованието и работата има посетувано повеќе стручни обуки, меѓу кои: обуката за практично извршување на сметководството, обука за стекнување на знаења и вештини за работа како медијатор спроведена од страна на Холандската Влада, обуки од областа на пензиското и инвалидско осигурување и раководење со човечки ресурси.

Во периодот од 2006 до 2011 година врз основа на решение на Основниот суд во Гевгелија, д-р Магдинчева-Шопова била именувана за проценител и вешто лице со општи овластувања од областа на економско-финансиското работење за подрачјето на Основниот суд Гевгелија, а од 2008 година и за подрачјето на Основниот суд Велес. Кандидатката била заменик-член на Комисијата за полагање на стручен испит за вештак од областа на материјално, сметководствено и финансиско работење и раководител на Координативно тело на медијатори на Општина Гевгелија.

Д-р Магдинчева-Шопова се стекнала со лиценца за вештачење од областа на материјалното, сметководствено и финансиско работење, издадена од Министерството за правда (број 07-2306/1 од 15.6.2011 година), која е ажурирана во 2017 година и во 2022 година (важечка лиценца број 08-2021/2022 од 18.11.2022 г.) и евидентирана во Регистарот на вешти лица од областа на материјалното, сметководствено и финансиско работење. Кандидатката поседува Уверение за овластен сметководител број 0103168 од 1.11.2016 година, издадено од Институтот на сметководители и овластени сметководители и е евидентирана во регистарот на овластени сметководители. Од приложената документација се потврдува дека д-р Магдинчева-Шопова одлично го владее англискиот јазик.

**Општи услови за избор во звање редовен професор:**

**1.** Научен степен: Доктор на економски науки. Докторската дисертација на тема „Организациска култура кај мали претпријатија" успешно е одбранета на ден 16.9.2011 г. на Економскиот факултет во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј".

**2.** Претходен избор во звање: Врз основа на Одлуката за избор на наставник во звање вонреден професор бр. 2102-473/3 од 30.11.2018 година донесена од

Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, д-р Марија Магдинчева-Шопова е избрана за вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научната област претприемништво и економика на претпријатија.

**3.**Објавени најмалку шест рецензирани научни трудови во референтна научна публикација во последните пет години:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Магдинчева-Шопова Марија** | Opportunities for starting entrepreneurial activity in rural areas in municipality of Gevgelija, | Knowledge- International Journal, Vol.33, 2019 | 14 |
| 2. | Бошков Татјана, **Магдинчева-Шопова Марија** | *Strategic Management And Level Of Company's Export Competitiveness Under Economic Uncertainty.* | IJIBM International Journal of Information, Business and Management, 11 (1). pp. 51-61. ISSN 2076-9202 (Print)/2218-046X (Online) | 14 |
| 3. | Јанеска- Илиев Александра, Постолов Кирил, **Магдинчева-Шопова Мариј**а | *Generational differences in achieving work-life balance.* | MEST Journal, 7 (1). pp. 7-15. ISSN 2334-7058 | 11 |
| 4. | **Магдинчева-Шопова Марија,** Стојановска-Стефанова Анета | *The Influence of COVID-19 in Systematizing the Work and Introducing Organizational Changes in Small Enterprises* | SAR Journal, 5 (4). pp. 211-216,2022 | 8 |
| 5. | **Магдинчева-Шопова Марија,** Стојановска-Стефанова Анета, Огнен Алексовски | *Employee stress management caused by the impact of the covid-19 virus: the Macedonian case.* | SocioBrains (80). pp. 15-27. ISSN 2367-5721 (online) | 10 |
| 6. | **Магдинчева-Шопова Марија,** Стојановска-Стефанова Анета | *Policies for supporting green entrepreneurial businesses.* | Knowledge - International Journal, 60 (1). pp. 161-167. ISSN 1857-923X / 2545-4439,2023 (online) | 14 |

**4**. Од приложената документација се потврдува дека д-р Магдинчева-Шопова одлично го владее англискиот јазик.

**5**. Објавен рецензиран универзитетски учебник или монографија или практикум или збирка задачи од научната област за која се избира:

- **Магдинчева-Шопова Марија** (2020), *Претприемништво* - е-учебник, ISBN: 978-608-244-844-2, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- **Магдинчева-Шопова Марија** (2020), *Сметководство - е-учебник*, ISBN: 978-608-244-763-6, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- **Магдинчева-Шопова Марија** (2020), *Сметководство - практикум*, ISBN:978-608-244-762-9, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;

- Јошески Душко, **Магдинчева-Шопова Марија** (2020) *Современи економски системи и глобализација - практикум.* ISBN 978-608-244-700-1.
- Јошески Душко, **Магдинчева-Шопова Марија** (2020) *Современи економски системи и глобализација - скрипта.* ISBN 978-608-244-699-8.
- Петревска Билјана, **Магдинчева-Шопова Марија** (2018), *Економика на претпријатие - е-учебник*, ISBN: 978-608-244-551-9, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**5.** Способност за изведување на високообразовна дејност: Д-р Марија Магдинчева-Шопова е вработена на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, од 2012 година, почнувајќи од асистент (научен соработник), доцент до вонреден професор. Била член на универзитетски и факултетски комисии. Нејзиниот научен интерес е од областа на претприемништвото, менаџментот и сметководството кај сите форми на организацијата, со посебен интерес за малите и средни претпријатија.

**Посебни услови за избор во звање редовен професор:**

**1.** Под менторство изработени дипломски/магистерски тези: Во изборниот период д-р Марија Магдинчева-Шопова била ментор на многу дипломски трудови, член или претседател на комисија за комисиско полагање на завршен испит (дипломски труд), член или претседател во комисија за оцена и јавна одбрана на магистерски труд, член на комисија за јавна одбрана на докторски труд, а тековно е ментор на еден магистранд.

**2**. Учество во научноистражувачки проекти: Во изборниот период (2018-2023 г.) д-р Марија Магдинчева-Шопова била учесник во поголем број проекти и има постигнато значаен придонес во примената на научноистражувачките резултати. Национален проект Манифестација за развојот на руралниот туризам во Општина Гевгелија „Рурален туризам” (2019 година) е финансиран од Министерството за економија на Република Северна Македонија, како и учесник во Универзитетскиот проект „Фразеологизмите како јазична, книжевна и културолошка нишка во наставата по македонски и по странски јазик”, кој се реализира тековно од Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип ( јуни 2023 г. - јуни 2025 г.).

**3.** Придонес во оспособување помлади наставници и соработници: Д-р Марија Магдинчева-Шопова соработувала со повеќе помлади наставници и соработници од ФТБЛ. Исто така, била вклучена како рецензент за избор во наставно-научно звање или рецензент на публикации од издавачка дејност.

**4.** Има остварено минимум вкупно 100 поени (НО=40, НИ=45, САОР=15): Во изборниот период д-р Магдинчева-Шопова има остварено за НО=40 поени, НИ=586 поени и САОР=192 поени или вкупно= 818 поени.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Во периодот од 2012 г. до 2014 г., д-р Марија Магдинчева-Шопова е избрана како соработник во наставно-научната област претприемништво на Факултетот за туризам и бизнис логистика во Гевгелија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип на Катедрата за бизнис логистика. Врз основа на Одлуката за избор на наставник во наставно-научно звање доцент бр. 2602-501/10 од 16.4.2014 донесена од Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, д-р

Магдинчева-Шопова е избрана за универзитетски доцент за наставно-научната област претприемништво, а од 2018 година до сега е избрана за вонреден професор за наставно-научната област претприемништво и економика на претпријатија (Одлука бр. 2102-473/3 од 30.11.2018 г.).

Д-р Магдинчева-Шопова е вклучена во реализација на наставата на прв, втор и трет циклус студии на ФТБЛ. Во изборниот период, д-р Магдинчева-Шопова е ангажирана за реализација на наставата на студиските програми Бизнис логистика, Бизнис администрација и Туризам во Штип, Гевгелија и Скопје за следните предмети: Претприемништво, Претприемништво и мал бизнис, Менаџмент на мал бизнис, Основи на сметководство, Принципи на сметководство, Економика на претпријатија, Основи на економија, Пракса во бизнис администрација, Практична настава (втор, четврти и шести семестар), Практична настава интердисциплинарен проект, Професионална пракса 1 и 2, Бизнис план од пракса 1 и 2, Маркетинг план од пракса 1 и 2, Семинарски есеј од пракса 1 и 2, а на насоките Хотелско-ресторанска насока и Гастрономија и исхрана во Штип и во Скопје за предметите: Претприемништво и Основи на сметководство (Одлука бр. 2102/264/9 од 30.5.2019 г., Одлука бр. 2102-304/19 од 16.10.2019 г., Одлука бр. 2102-61/6 од 19.2.2020 г., Одлука бр. 2102-119/3 од 18.6.2020 г., Одлука бр. 2102-196/4 од 25.9.2020 г., Одлука бр. 2102-168/3 од 15.6.2021 г., Одлука бр. 2102-207/4 од 10.9.2021 г., Одлука бр. 2102-178/3 од 5.9.2022 г., Одлука бр. 2102-38/3 од 9.2.2023 г. и Одлука бр. 2102-143/4 од 20.9.2023 г.). Во истиот период член е на Комисии за комисиско полагање на испити по предметите Претприемништво, Економика на претпријатија, Сметководство, Основи на сметководство, Основи на економија и претседател на Комисија за предметите Мултилатерална трговска регулатива, Царинска тарифа и Современи економски системи (Одлука број 2102-311/6 од 28.10.2019 г., 2103-93/1 од 24.4.2020 г. и Одлука број 2103-187/1 од 22.9.2020 г.).

На втор циклус студии, на студиските програми Бизнис логистика, Бизнис администрација и Меѓународен туризам е ангажирана за реализирање на наставата за предметите Стретегиски менаџмент во бизнис логистиката, Менаџмент на мал бизнис и лидерство, Star-up процеси кај туристички компании, Развој на бизнис вештини во логистиката, Мултилатерална трговска регулатива, Меѓународна бизнис дипломатија, Менаџмент на буџетско сметководство, Управувачко сметководство, Развој на претприемнички вештини, Родово претприемништво и Деловна етика и одлучување (Одлука број 2102-125/4 од 25.6.2020 г., 2102-168/5 од 15.6.2021 г., 2102-71/5 од 17.3.2022 г., 2102-178/4 од 5.9.2022 г.), а на трет циклус студии студиска програма Туризам и угостителство е ангажирана за реализација на настава по предметот Претприемништво во туризмот (2102-386/4 од 18.12.2018 г., 2102-74/27 од 13.2.2019 г.). Врз основа на Решение број 1409-321/4 од 28.1.2021 г. издадено од Агенција за квалитет во високото образование на РСМ, д-р Магдинчева-Шопова поседува Решение за акредитација за ментор на докторски студии на студиската програма Туризам.

Во изборниот период, кандидатката д-р Магдинчева-Шопова има издадено повеќе учебници, скрипти, практикуми и други рецензирани наслови кои се користат како учебно помагало.

Во периодот од 2018-2023 година, д-р Марија Магдинчева-Шопова има публикувано вкупно 86 наслови од кои 46 наслови се публикувани во научно-стручни трудови, објавени во реномирани меѓународни списанија, 17 наслови се презентирани на меѓународни конференции, а 23 наслови се категоризирани

како позитивно рецензирани публикации (универзитетски учебник, скрипта, практикум, монографија и сл.) и истите имаат научноистражувачка, но и стручно-апликативна примена.

Кандидатката била ментор на многу дипломски трудови, член или претседател на комисија за комисиско полагање на завршен испит (дипломски труд), член или претседател во комисија за оцена и јавна одбрана на магистерски труд, член на комисија за јавна одбрана на докторски труд, а тековно е ментор на еден магистранд, што претставува потврда за придонесот во оспособувањето на млади истражувачи. Нејзиниот научен интерес е од областа на претприемништвото, организациските науки и управување и сметководството.

**Научноистражувачка дејност**

Во време на изборниот период, кандидатката д-р Марија Магдинчева-Шопова ги има издадено следните публикации, монографии, научни книги и учебници, во земјата и странство, кои имаат научноистражувачка, но и стручно-апликативна примена и е учесник во национални научноистражувачки проекти:

1. Магдинчева-Шопова Марија, Стојановска-Стефанова Анета (2023) *Прирачник за родова застапеност во институциите основани од Општина Гевгелија.* Manual. Печатница „2-ри Август" - Штип.

*Прирачник за родова застапеност во институциите основани од Општина Гевгелија* е наменет првенствено за согледување на реалната состојба за застапеноста на жените и мажите во институциите основани од Општина Гевгелија, а основна цел е да им помогне на носителите на одлуки и во креирањето на политиките и програми на локално ниво да носат родово избалансирани одлуки. Се очекува овој Прирачник да биде од помош во подигнување на нивото на родова балансираност во институциите основани од Општина Гевгелија.

2. Стојановска-Стефанова Анета, **Магдинчева-Шопова Марија, Атанасоски Драшко** (2022) „*Государственные меры по развитию современного македонского туризма"*. Sciencia Scripts. ISBN 978-620-4-90486-3

Книгата со наслов „Государственные меры по развитию современного македонского туризма" и ISBN 978-620-4-90486-3 е реиздадена на руски јазик. Во оваа книга е даден научен и теоретски осврт на влијанието и придонесот на државата врз развојот на туризмот, земајќи ги предвид современите облици на туризам.

3. Стојановска-Стефанова Анета, **Магдинчева-Шопова Марија, Атанасоски Драшко** (2022) *Medidas estatais para o desenvolvimento do turismo macedónio moderno.* Edições Nosso Conhecimento. ISBN 978-620-4-90484-9

Книгата со наслов „*Medidas estatais para o desenvolvimento do turismo macedónio moderno*" и ISBN 978-620-4-90484-9 е реиздадена на португалски јазик. Во книгата е даден преглед на можните начини на поддршка од страна на државата за развој и промоција на современите форми на туризам.

4. Стојановска-Стефанова Анета, **Магдинчева-Шопова Марија, Атанасоски Драшко** (2022) *Medidas estatales para el desarrollo del turismo moderno en Macedonia.* Ediciones Nuestro Conocimiento. ISBN 978-620-4-90481-8

Книгата со наслов „Medidas estatales para el desarrollo del turismo moderno en Macedonia" и ISBN 978-620-4-90481-8 е реиздадена на шпански јазик и во истата е даден приказ на државните мерки и активностите кои се имплементираат за да се подобри туристичката понуда.

5. Стојановска-Стефанова Анета, **Магдинчева-Шопова Марија, Атанасоски Драшко** (2022) *Mesures d'État pour le développement du tourisme macédonien moderne.* Editions Notre Savoir. ISBN 978-620-4-90482-5

Книгата со наслов „Mesures d'État pour le développement du tourisme macédonien moderne" и ISBN 978-620-4-90482-5 е реиздадена на француски јазик. Во оваа книга е даден теоретски осврт на улогата и влијанието на државата во развојот на модерен туризам.

6. Стојановска-Стефанова Анета, **Магдинчева-Шопова Марија, Атанасоски Драшко** (2022) *Misure statali per lo sviluppo del moderno turismo macedone.* Edizioni Sapienza. ISBN 978-620-4-90485-6

Книгата со наслов „Misure statali per lo sviluppo del moderno turismo macedone" е реиздадена на италијански јазик. Основниот фокус на оваа книга е фокусиран кон согледување на низата активности и мерки кои се имплементирани со цел да се промовираат различните форми на туризам: културен, езерски и речен туризам, планински, бањски, спортски, ловен, вински, зимски, археолошки, верски, рурален и екотуризам и конференциски туризам.

7. Стојановска-Стефанова Анета, **Магдинчева-Шопова Марија, Атанасоски Драшко** (2022) *Staatliche Maßnahmen zur Entwicklung des modernen mazedonischen Tourismus.* Verlag Unser Wissen. ISBN 978-620-4-90480-1

Книгата со наслов „Staatliche Maßnahmen zur Entwicklung des modernen mazedonischen Tourismus" и ISBN 978-620-4-90480-1 е реиздадена на германски јазик. Во оваа книга е даден преглед и е направена анализа на сите спроведени мерки и можните стратегии за закрепнување на туристичката индустрија, како и стратегиите за одржлив развој, мерките во иднина од страна на државата и меѓународните организации.

8. Стојановска-Стефанова Анета, **Магдинчева-Шопова Марија** (2021) *Crossroads Tourism: Policies for prosperity in the future.* Lap Lambert Academic Publishing. ISBN 978-620-4-20105-4

Книгата со наслов „*Crossroads Tourism: Policies for prosperity in the future*" и ISBN 978-620-4-20105-4 е издадена на англиски јазик и реиздадена на шест светски јазици: руски јазик, француски јазик, португалски јазик, италијански јазик, германски јазик и шпански јазик. Целта на оваа книга е да се анализира влијанието на пандемијата Ковид-19 на туристичката индустрија и патувањата, како и согледување на ефектите од нарушувањето на туризмот на економиите на земјите. Книгата заклучува дека кризата е и шанса за мултилатерална соработка, како и можност да се преиспита туристичкиот сектор кон поодржлив, инклузивен и поотпорен туризам во блиска иднина.

9. Стојановска-Стефанова Анета, **Магдинчева-Шопова Марија** (2021) *Туризм На Перекрестках: Политика Для Процветания В Будущем.* Sciencia Scripts. ISBN 978-620-4-06341-6

Книгата со наслов „Туризм На Перекрестках: Политика Для Процветания В Будущем" и ISBN 978-620-4-06341-6 е реиздадена на руски јазик. Во оваа книга се претставени спроведените мерки за закрепнување на туристичката индустрија, како и мерките кои се очекуваат во иднина.

10. Стојановска-Стефанова Анета, **Магдинчева-Шопова Марија** (2021) *Car Carrefour Du Tourisme : Des Politiques Pour La Prospérité De L'avenir.* Editions Notre Savoir. ISBN 978-620-4-06339-3

Книгата со наслов „*Car Carrefour Du Tourisme : Des Politiques Pour La Prospérité*

*De L'avenir"* и ISBN 978-620-4-06339-3 е реиздадена на француски јазик. Во книгата се објаснети можните стратегии за одржлив развој на туристичките организации и можностите за соработка меѓу сите засегнати страни во туристичкиот сектор.

11. Стојановска-Стефанова Анета, **Магдинчева-Шопова Марија, Атанасоски Драшко** (2021) *Turismo De Cruzamento: Políticas Para A Prosperidade No Futuro.* Edições Nosso Conhecimento Publishing House. ISBN 978-620-4-06326-3

Книгата со наслов „Turismo De Cruzamento: Políticas Para A Prosperidade No Futuro" и ISBN 978-620-4-06326-3 е реиздадена на португалски јазик. Во оваа книга се презентирани можностите за закрепнување на туристичката индустрија, преку соработка и воведување на стратегии за поотпорен туристичкиот сектор.

12. Стојановска-Стефанова Анета, **Магдинчева-Шопова Марија** (2021) *Crocevia Del Turismo: Politiche Per La Prosperità Nel Futuro.* Edizioni Sapienza. ISBN 978-620-4-06340-9

Книгата со наслов „Crocevia Del Turismo: Politiche Per La Prosperità Nel Futuro" и ISBN 978-620-4-06340-9 е реиздадена на италијански јазик. Целта на оваа книга е да се анализира влијанието на пандемијата Ковид-19 на туризмот и туристичката индустрија, како и влијанието на нарушувањето на туризмот на економиите на земјите, воопшто.

13. Стојановска-Стефанова Анета, **Магдинчева-Шопова Марија** (2021) *Tourismus Am Scheideweg: Politik Für Den Wohlstand Der Zukunft.* Verlag Unser Wissen. ISBN 978-620-4-06337-9

Книгата со наслов „Tourismus Am Scheideweg: Politik Für Den Wohlstand Der Zukunft" и ISBN 978-620-4-06337-9 е реиздадена на германски јазик. Содржината на оваа книга е фокусирана кон објаснување на последиците од глобална здравствена, социјална и економска вонредна состојба предизвикана од влијанието на пандемијата Ковид-19 на туризмот и патувањата како најтешко погоден сектор од воспоставените ограничувања за патувања практично во сите земји во светот.

14. Стојановска-Стефанова Анета, **Магдинчева-Шопова Марија** (2021) *Turismo En La Encrucijada: Políticas Para La Prosperidad En El Futuro.* Ediciones Nuestro Conocimiento. ISBN 978-620-4-06338-6

Книгата со наслов „Turismo En La Encrucijada: Políticas Para La Prosperidad En El Futuro" и ISBN 978-620-4-06338-6 е реиздадена на шпански јазик. Книгата дава приказ на состојбата на туристичките организации и мерките за надминување на последиците од глобалната кризна состојба во секторот туризам како најпогоден сектор.

**15. Магдинчева-Шопова Марија** (2020), Претприемништво е-учебник, ISBN: 978-608-244-844-2, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Овој ракопис од содржински аспект ги објаснува основите на претприемништвото и основните начини за започнување со претприемничка активност и истиот освен теоретската примена има и голема практична примена, не само за студентите, туку и за сите останати читатели, кои имаат потреба за стекнување знаења од областа на претприемништвото. Учебникот „Претприемништво" е наменет првенствено за студентите од Факултетот за туризам и бизнис логистика кои ги изучуваат предметите Претприемништво и мал бизнис и Претприемништво како основна литература при реализација на наставната програма на наведените предмети. и извршуваат одредени претприемнички активности.

**16. Магдинчева-Шопова Марија, Стојановска-Стефанова Анета, Постолов**

**Кирил** (2020) *Managing with Stress in Organizations.* LAP Lambert Acadmic Publishing, pp. 1-64. ISBN 978-6202669184

Оваа книга претставува меѓународна публикација и сублимиран материјал кој дава одговор на поголем дел од прашањата за успешно менаџирање со стресот. Во книгата е даден теоретски приказ, начините на манифестирање, симптомите и последиците, како и можностите и методите за успешно справување со стресот.

17. Јошески Душко, **Магдинчева-Шопова Марија** (2020) *Современи економски системи и глобализација - е-практикум.* ISBN 978-608-244-700-1.

Оваа публиакција насловена како е-практикум е наменета за студентите кои го изучуваат предметот Современи економски системи и е креирана со основна цел да ги поттикне студентите на дискусија и лични размислувања за сите прашања поврзани со современите економски системи.

18. Јошески Душко, **Магдинчева-Шопова Марија** (2020) *Современи економски системи и глобализација-е-скрипта.* ISBN 978-608-244-699-8.

Ракописот претставува рецензирана е-скрипта, наменета за студентите кои го изучуваат предметот Современи економски системи. Економски систем претставува комбинација од различни агенции, потрошувачи, ентитети што ја формираат економската структура, која ја дефинира општествената заедница. Овие агенции се поврзани заедно преку трговија и размена чии добра, пари итн. постојано се во проток.

**19. Магдинчева-Шопова Марија** (2020), Сметководство- е-учебник, ISBN: 978-608-244-763-6, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Создавањето на овој ракопис претставува потреба како од теоретски, така и од практичен аспект, бидејќи им овозможува на студентите да стекнат знаења за тоа што претставува сметководството, книговодството и финансиското сметководство, како и законската регулатива за извршување на сметководствени работи и изготвувањето на сметководствените информации. Поаѓајќи од основната цел да им се помогне на студентите во совладување на основите на сметководството, учебникот „Сметководство“ е креиран да одговори на потребите на студентите.

**20. Магдинчева-Шопова Марија** (2020), Сметководство -практикум, ISBN:978-608-244-762-9, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Овој ракопис насловен како практикум претставува реална потреба, како од теоретски така и од практичен аспект, бидејќи им овозможува на студентите да извршат самопроверка на стекнатите знаења за тоа што претставува сметководството, книговодството и финансиското сметководство, како и процесот на подготвување на сметководствени информации. Практикумот опфаќа теми од областа на основите на сметководство и сметководството и е креиран со цел да се олесни пристапот во учењето и совладувањето на наставната содржина на предметот Сметководство.

**21. Магдинчева-Шопова Марија, Димитров Никола, Апостолов Мичо, Филипоски Оливер, Шутаров Васко, Ристова Цветанка, Мицева Магдалена, Кaлеников Александар, Бошнаков Миле, Минова-Ичева Павлина, Георгиев Борче, Арџанлиев** (2019) *Стратегија за развој на туризмот во Општина Гевгелија (2019-2024).* Општина Гевгелија.

Стратегијата за развој на туризмот во Општина Гевгелија за период 2019-2024 година претставува пишан и научно заснован документ, изработен од страна на Факултетот за туризам и бизнис логистика од Гевгелија при

Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Стратегијата за развој на туризмот во Општина Гевгелија за период 2019-2024 година е целосен документ кој се состои од анализи, активности, насоки и потребни активности за остварувања на визијата за Општина Гевгелија, како една од најразвиените туристички дестинации на подрачјето на Република Северна Македонија и поширокиот регион.

22. Стојановска-Стефанова Анета, **Магдинчева-Шопова Марија, Атанасоски Драшко** (2019)*State measures for the development of the modern Macedonian tourism.* Lambert Academic Publishing, LAP Publishing.ISBN978-620-0-21485-0.

Книгата со наслов „Државни мерки за развој на современиот македонски туризам" е издадена на англиски јазик и реиздадена на шест светски јазици: руски јазик, португалски јазик, шпански јазик, француски јазик, италијански јазик и германски јазик. Во оваа книга е даден научен и теоретски осврт на придонесот и влијанието на државата за развојот на македонскиот туризам, со осврт на новите форми за поттикнување на туризмот. Туризмот е еден од најбрзо растечките економски сектори кој има огромен потенцијал за привлекување странски и домашни инвестиции, што значи и можност за нови работни места. Оттука, државата работи на подобрување на туристичката понуда преку промоција на културен, езерски и речен, планински, бањски, спортски, лов, вински, зимски, археолошки, верски, рурален и рурален еко-туризам и конгресен туризам. Исто така, презема низа активности за развој на националните паркови и нивно ставање во функција на развој на туризмот и промоција на природните убавини.

23. Петревска Биљана, **Магдинчева-Шопова Марија** (2018), Економика на претпријатие, е-учебник, ISBN: 978-608-244-551-9, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Учебникот ги објаснува сите сложени прашања од областа на економското работење на претпријатија, со примена на примери од практичното работење. На концизен и експлицитен начин е даден приказ на проблематиката од областа на економика на претпријатија. Од содржински аспект се состои од десет глави кои ги покриваат најзначајните теми кои вообичаено се сретнуваат во литературата од оваа област.

**Трудови објавени во меѓународни научни списанија:**

**24. Магдинчева-Шопова Марија, Стојановска-Стефанова Анета**, (2023) *Policies for supporting green entrepreneurial businesses.* Knowledge - International Journal, 60 (1). pp. 161-167. ISSN 1857-923X / 2545-4439 (Online)

Во овој труд е разработен концептот на т.н. „зелени" претпријатија, направена е анализа и дадени се препораки и мерки за унапредување на политиките за поддршка на т.н. „зелени" претпријатија. Долгорочното позиционирање на претпријатијата на пазарот зависи од застапеноста и примената на концептот на одржлив бизнис. Поради тоа, предметот на истражување на овој труд е насочен кон анализа на карактеристиките на т.н. зелени претприемнички бизниси и политиките за поддршка и имплементирање на овој вид претприемнички бизниси, бидејќи унапредувањето на работата и искористување на можностите од обновливите извори на енергија претставува предизвик за претприемачите, но и реална потреба во денешни услови на работа.

25. Стојановска-Стефанова Анета, **Магдинчева-Шопова Марија** (2023) *Covid-19 pandemic as a challenge for redefining tools in diplomacy and international relations.* Knowledge - International Journal, 57 (1). pp. 133-137. ISSN 1857-923X / 2545-4439 (Online)

Предметот на истражување на овој труд е насочен кон согледување на

разликите помеѓу традиционалната и модерната дипломатија по КОВИД-19 пандемијата. Спроведено е истражување за употребата на интернет технологијата и алатките за дигитална комуникација и промените на начинот на кој се води дипломатијата и како тоа влијаело на меѓународните односи. Споредени се и спротивставени традиционалните методи на дипломатија со оние што се користат во ерата по КОВИД, вклучително и улогата на социјалните медиуми, виртуелните состаноци и заедничките напори меѓу земјите за справување со глобалните прашања. Исто така, спроведено е истражување за импликациите на новата технологија за дипломатијата, вклучувајќи ги безбедносните грижи, тешкотиите во развивањето доверба и потенцијалот за зголемена брзина на меѓународните преговори. Во овој труд е даден осврт на тоа како дипломатијата и меѓународните односи се редефинирани во 21 век и како новата технологија, како што се социјалните медиуми и виртуелните состаноци, го менува начинот на кој земјите меѓусебно комуницираат и преговараат.

**26. Магдинчева-Шопова Марија, Стојановска-Стефанова Анета** (2022) *The Influence of COVID-19 in Systematizing the Work and Introducing Organizational Changes in Small Enterprises.* SAR Journal, 5 (4). pp. 211-216.

Овој труд има за цел да ја укаже улогата на менаџментот во обезбедување на предуслови за спроведување на организациските промени, како и навременото препознавање и откривање на потребите на вработените за воведување на промените. Резултатите од истражувањето ја потврдуваат хипотезата дека влијанието на Ковид-19 предизвика имплементирање на организациски промени, кои зависат од исполнување на предусловите за воведување организациски промени. Анализата на податоците добиени од спроведеното истражување укажува дека организациските промени се реална потреба, како и потребата од информирање на вработените за воведување на овие промени.

**27. Магдинчева-Шопова Марија, Стојановска-Стефанова Анета** (2022) *Polices for implementing organizational culture in small enterprises in the post-covid period.* Knowledge –International Journal, 55 (6). pp. 1091-1094. ISSN 1857-923X | 2545-4439 (Online)

Овој труд се базира на анализа на пристапот на организациската култура како концепт со голема важност во функционирањето на претпријатијата, како од аспект на долгорочно позиционирање, така и од аспект на секојдневното работење и извршување на тековните активности и како начин на поврзување на менаџерите, вработените и потрошувачите. Поради тоа, во рамки на трудот се дава теоретски приказ на концептот на организациска култура, како и политиките што ги имплементира менаџментот на претпријатијата. Политиките преку кои се имплементира организациската култура во претпријатијата се неопходни за надминување на кризната состојба.

**28. Магдинчева-Шопова Марија, Стојановска-Стефанова Анета** (2022) *Policies and measures for recovery of small enterprises from Covid-19 pandemic.* Knowledge – International Journal, 52 (1). pp. 51-55. ISSN 1857-923X | 2545-4439 (Online)

Овој труд ги презентира политиките и мерките наменети за малите претпријатија воведени од страна на државата за надминување на последиците од глобалната здравствена криза која предизвика бројни проблеми во работата на малите претпријатија. Воведените ограничувања за социјално дистанцирање и промените на побарувачката, како по структура и обем, предизвикаа затворање на голем број мали претпријатија. Вообичаено, малите претпријатија се поврзуваат со претприемничката иницијатива и се карактеризираат со способност за приспособување во динамични и специфични услови за работа. Поради тоа, во

рамки на трудот е даден теоретски приказ на политиките и мерките донесени од страна на државата со цел закрепнување и надминување на кризната состојба. Во основа политиките и мерките беа насочени кон заштита на вработените на работните места, воведување мерки за заштитата на работните процеси и различни форми на финансиска поддршка. Како дел од мерките донесени од страна на државата се и различните форми на одложување на обврските кон државата или т.н. даночни одложувања, намалување на одредени даночни стапки како дел од фискалните мерки или укинување на одреден вид даночни обврски.

29. Стојановска-Стефанова Анета, **Магдинчева-Шопова Марија** (2022) *Gender equality - human right and basis for a prosperous and sustainable world.* Yearbook of the Faculty of tourism and business logistics, Goce Delcev University-Stip, 2 (1). pp. 13-20. ISSN 2671-3969

Трудот ги анализира меѓународните и домашните акти кои ја гарантираат родовата еднаквост како основно човеково право. Во рамките на трудот, авторите ќе ги разгледаат достапните информации за застапеноста и улогата на жената во македонското општество, како и усвоената законска рамка за родова еднаквост и единство, врз основа на кои ќе се извлечат соодветни заклучоци. Постигнувањето на родовата еднаквост и зајакнувањето на жените е составен дел од Целите за одржлив развој на Обединетите нации за 2030 година и е петта од 17-те цели усвоени од светските лидери во 2015 година. Во овој поглед, националните парламенти играат голема и значајна улога во донесувањето закони кои регулираат различни области и прашања, вклучувајќи ги и родовите аспекти.

30. Стојановска-Стефанова Анета, Рунчева-Тасев Христина, **Магдинчева-Шопова Марија** (2021) *State sovereignty in international relations.* Knowledge - International Journal Scientific Papers, 45 (5). pp. 975-980. ISSN 1857-923X / 2545–4439 printed

Овој труд има за цел да го истакне значењето на државниот суверенитет преку теоретски преглед и анализа на значењето на поимот суверенитет во областа на политичката теорија. Исто така, во трудот е дадена сеопфатна, но лесно разбирлива дефиниција за суверенитетот и важноста на истиот во меѓународните односи, особено во признавањето на државите. Во овој поглед, трудот го појаснува концептот на суверенитет, земајќи ги предвид трансформациите и предизвиците на меѓународната безбедност на почетокот на 21 век.

31. Стојановска-Стефанова Анета, **Магдинчева-Шопова Марија, Огнен Алексовски** (2021) *Policies for recovery of the travel and tourism from Covid-19 pandemic.* Sociobrains, International scientific refereed online journal with impact fator, 8 (83). pp. 57-73. ISSN 2367-5721 (online)

Целта на овој труд е да даде анализа на влијанието на пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19 на патувањата и туристичката индустрија, како и нарушувањата на туризмот и влијанието на економиите на земјите и на влијанието врз губењето на работните места. Преку овој труд се спроведува анализа за спроведените мерки и можните стратегии за закрепнување на туристичката индустрија, стратегиите за одржлив развој, како и идните мерки и од страна на државите и меѓународните организации. На крајот од трудот се дадени препораки за приоритетите за обнова на туризмот и заштита на работните места, како и препораки за солидарност и унапредување на мултилатералната соработка.

**32. Магдинчева-Шопова Марија, Стојановска-Стефанова Анета**, Постолов Кирил (2021) *Types of crises in the work of entrepreneurs: The impact of the global health crisis.* Knowledge - International Journal Vol.46.1., 46 (1). pp. 171-175. ISSN 2545-4439

Предметот на истражување на овој труд се фокусира кон согледување на влијанието на вирусот Ковид-19 врз работата на претприемачите во услови на современи трендови на работење. Во прviот дел од трудот е даден теоретски приказ на видовите кризи во работењето на претприемачите, како и значењето на претприемничката компетентност за работење на претпријатијата во услови на криза. Како резултат на спроведеното истражување, предложен е модел за справување со кризни состојби и дадени се насоки за дејствување на претприемачите за успешно справување со кризните состојби.

33. **Магдинчева-Шопова Марија, Стојановска-Стефанова Анета**, Огнен Алексовски (2021) *Employee stress management caused by the impact of the covid-19 virus: the Macedonian case.* SocioBrains (80). pp. 15-27. ISSN 2367-5721 (online)

Овој труд има за цел да укаже на улогата на менаџментот во управувањето со стресот на работното место, преку навремено препознавање и откривање на причините за појава на стресот и намалување на влијанието на стресот кај вработените. Умешноста и способноста на менаџментот на претпријатијата се состои во навремено откривање на факторите кои ги предизвикуваат стресните состојби, намалување на влијанието на стресот преку примена на соодветни стратегии за управување со стресот. Добиените резултати од истражувањето ја потврдуваат поставената хипотеза дека влијанието на вирусот Ковид-19 претставува основен фактор за зголемување на стресните состојби кај вработените на работното место и претставуваат основа за креирање и препораки за менаџментот во имплементирањето на соодветни активности и стратегија за управување со стресот.

34. **Магдинчева-Шопова Марија, Стојановска-Стефанова Анета** (2021) *Политики за развој на родово претприемништво.* Годишен зборник на Факултет за туризам и бизнис логистика, 1 (1). pp. 53-57. ISSN ISSN 2671-3969

Во рамките на овој труд ќе биде даден теоретски приказ и дефинирање на терминот родово претприемништво. Развојот на родовото претприемништво се јавува како резултат на одредените промени во опкружувањето посебно на промените на глобалниот пазар и изразените напори за постигнување на родова еднаквост. Родовото претприемништво се јавува како одговор на потребите на општеството и остварување на определените цели за постигнување на родова еднаквост. Поради тоа, главниот дел од трудот е насочен кон анализа на основните меѓународни индикатори кои овозможуваат мерење на родовата еднаквост, односно нееднаквост. Составен дел од трудот е направената анализа за значењето и имплементацијата на политиките за постигнување на родова балансираност. Врз основа на спроведените истражувања се констатира дека во нашата земја нема реализирано соодветно теоретско и емпириско истражување за тоа дали и колку се применуваат политиките за постигнување на родова еднаквост од економски аспект, поради што во заклучокот од трудот се дадени насоки за подобрување на состојбата со родовата нееднаквост.

35. Стојановска-Стефанова Анета, Рунчева-Тасев Христина, **Магдинчева-Шопова Марија** (2021) *Challenges and perspectives of the UN on the future of multilateralism.* Iustinianus Primus Law Review, 12 (1). pp. 1-9.

Трудот има за цел да даде теоретски описен преглед на достапните податоци за 75-годишнината од основањето и за важноста на Обединетите нации за светот. 2020 година ја одбележа 75-годишнината од основањето на Обединетите нации. ОН ја одбележаа својата 75-годишнина во време на големо нарушување за светот,

надополнето со невидена глобална здравствена криза со сериозни економски и социјални влијанија. Исто така, во трудот се нагласува дека новите прашања се повеќе привлекуваат внимание во системот на мултилатералност, како што е пандемија, дигитални технологии, еколошки предизвици, топење на арктичкиот регион и геополитички поместувања, за кои во блиска иднина глобалната заедница мора да најде одговори на мултилатерално ниво.

36. Стојановска-Стефанова Анета, **Магдинчева-Шопова Марија** (2021) *Women's rights are human rights: A decade of the Council of Europe Istanbul Convention.* Yearbook of the Faculty of tourism and business logistics, Goce Delcev University-Stip, 1 (1). pp. 79-89. ISSN 2671-3969

Целта на истражувањето во овој труд е да се направи теоретски преглед на важноста и на еднодецениската имплементација на Истанбулската конвенција или Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството против жените и семејното насилство, која беше усвоена во 2011 година. Конвенцијата се фокусира на елиминирање на насилството врз жените. Од земјите потписнички на Конвенцијата се очекува да спроведат промени во законската регулатива со цел да се спречи насилството врз жените и децата, да се обезбеди јавно образование и да се заштитат жртвите преку воспоставување силни услуги за поддршка, во согласност со меѓународните стандарди. Исто така, во трудот е претставен и македонскиот случај на имплементација на Конвенцијата.

**37. Магдинчева-Шопова Марија, Стојановска-Стефанова Анета** (2021) *The impact of Covid pandemic and the policy action for recovery of the small and medium enterprises.* International Journal of Economics, Management and Tourism, 1 (1). pp. 62-70. ISSN 2671-3810

Овој труд се базира на спроведување анализа и пристапот на менаџерите во примена и воведување на политиките од менаџерите за приспособување на претпријатијата во новите работни услови. Промените во животот и работата кои се состојат од воведување на рестриктивни мерки, промени во општествениот живот на луѓето предизвикаа намален обем на работа или затворање на многу мали и средни претпријатија на одреден временски период. Предметот на истражување во овој труд се фокусира на препознавање на негативните ефекти во работата на малите и средни претпријатија предизвикани од влијанието на вирусот COVID-19 и пандемијата, како и политиките и мерките што ги преземаат менаџментот и државата со цел да се подобри состојбата, која трае подолг временски период

38. Постолов Кирил, **Магдинчева-Шопова Марија** (2021) Eco-tourism as a stimulation for tourism entrepreneurship development – the example of the municipality of Gevgelija,Economic Perspectives, Економски факултет Бихаќ,ISSN 2712-1348 (Print) ISSN 2712-1356 (Online)

Целта на спроведеното практично истражување презентирано во трудот се состои во оценување на реалната состојба од аспект на развојот на еко-туризмот во Општина Гевгелија. Оригиналната вредност на оваа студија е потврдена преку добиените резултати од спроведеното истражување и го потврдува фактот дека екотуризмот претставува алтернативна форма за развој на туризмот и современ концепт за постигнување одржлив развој. Преку добиените резултати од спроведеното истражување се потврдува основната хипотеза дека еко-туристичкиот сектор е развоен концепт кој овозможува постигнување одржлив економски развој.

39. Стојановска-Стефанова Анета, Алексоски Огнен, **Магдинчева-Шопова Марија** (2020) *E-government and digital public services: The Macedonian case of*

*digitalization.* SocioBrains, International scientific refereed online journal with impact factor, 7 (74). pp. 35-52. ISSN 2367-5721

Трудот анализа студија на случај базирана на истражување на трендовите и најдобрите практики во науката за податоци кои се од важност за развојот на е-Влада. Исто така, трудот ги анализира ограничувањата и предизвиците поврзани со примената на електронските алатки во управувањето и има за цел да ја подигне свеста и разбирањето за важната тема дигитални услуги од владата до граѓаните. Дигиталната трансформација претставува критичен дел од националниот одржлив развој на многу земји. Затоа, овој труд има за цел да ја идентификува корелацијата и главните разлики помеѓу е-Влада и е-владеење, и прикажува студија на случај преку достапни анализи на извештаи за напредокот постигнат во нашата држава.

40. Алексоски Огнен, Стојановска-Стефанова Анета, **Магдинчева-Шопова Марија** (2020) *Management versus leadership in the modern world.* SocioBrains, International scientific refereed online journal with impact factor, 7 (74). pp. 53-71. ISSN 2367-5721

Цел на истражување во овој труд е преку преглед на литературата и истражувањата да се утврдат разликите помеѓу менаџментот наспроти лидерството како најважни фактори за ефикасноста и ефективноста на севкупните деловни активности во компаниите. Анализата на карактеристиките на овие два концепта овозможи да се согледаат разликите и да се обезбедат информации кои ќе помогнат во дефинирањето на менаџментот и лидерството. Само со правилно разбирање на менаџментот и лидерството ќе се постигнат целите на поединецот, на компанијата и на општествената заедница во целина, бидејќи на тој начин може да се најде оптимален модел кој ќе обезбеди конкурентска предност на компаниите.

**41. Магдинчева-Шопова Марија, Стојановска-Стефанова Анета, Постолов Кирил** (2020) *Impact of Covid-19 on human resources in small and medium enterprises: the case of Macedonia.* International Journal Knowledge. ISSN 1857-923X

Предметот на истражување во овој труд се фокусира кон согледување на влијанието на вирусот ковид-19 врз човечките ресурси во малите и средни претпријатија во услови на современи трендови на работење и изразени глобализациски процеси. Во практичниот дел од трудот спроведено е истражување за влијанието на вирусот ковид-19 врз процесот на одлучување од страна на менаџментот во врска со вработените. Добиените резултати од спроведеното истражување ги потврдуваат поставените хипотези: под влијание на вирусот ковид-19 се менува начинот на работа на претпријатијата; вирусот ковид-19 придонесува за намалување на бројот на вработени кај малите и средни претпријатија и менаџментот на претпријатијата не ги информира вработените за причините за отпуштања од работа.

42. Стојановска-Стефанова Анета, **Marija Магдинчева-Шопова Марија,** (2020) *Digital diplomacy as a form of change management in international relation in times of Covid-19.* International Journal Knowledge. ISSN 2545-4439

Во овој труд се анализира дигиталната дипломатија во дигиталната ера, особено во време на пандемија Ковид-19. Меѓународните односи отсекогаш биле длабоко погодени од технологијата, а дигитализацијата има голема важност и влијание врз дипломатијата. Примената на новите комуникациски технологии во дипломатијата директно влијае на основните функции, вклучувајќи преговарање, претставување и комуникација.

43. Стојановска-Стефанова Анета, **Marija Магдинчева-Шопова Марија,** (2020) *Diplomatics - the best tool for peace preservation in the conditions of contemporary politics.* International Journal Knowledge. pp. 1077-1083. ISSN 1857-923X

Целта на овој труд е да се даде преглед на важноста и улогата на дипломатијата во надворешната политика која ја спроведуваат државите. Во трудот се разгледани виенските конвенции и важноста на дипломатијата во современи политички констелации со цел да се зачува светскиот мир и безбедност. Во услови на глобализација, односите меѓу државите се движат од соработка и интеграција до меѓузависност, а тоа често придонесува за разни облици на организирање на државите во сложени типови на држави.

44. Стојановска-Стефанова Анета, Рунчева-Тасев Христина, **Магдинчева-Шопова Марија** (2020) *The States in Digital Era: Internet Governance and Improving E-Democracy.* International Academic Journal, 1 (1). pp. 51-56. ISSN 2671-3748

Основен фокус во овој труд е даден на теоретскиот преглед на управувањето со интернетот и неговата имплементација како глобална политичка цел за државите. Трудот се базира на анализа и согледување на примената на дигитализацијата како заеднички глобален политички приоритет за државите од теоретски аспект. Анализирани се препораките од Обединетите нации и Советот на Европа поврзани со имплементацијата на управувањето со Интернет. Во заклучоците од трудот се истакнува дека моќта на информациските и комуникациските технологии има голем потенцијал да го забрза човечкиот напредок, со цел да се изгради онлајн демократија, да се заштитат корисниците на Интернет, и да се обезбеди почитување и заштита на човековите права на интернет. Исто така, се заклучува дека во иднина од голема важност е државите да обезбедат јавната политика за интернет која ќе биде насочена кон луѓето со цел да се изгради демократија онлајн, да се заштитат корисниците на Интернет и да се обезбеди почитување и заштита на човековите права онлајн.

45. Стојановска-Стефанова Анета, Димитров Никола, **Магдинчева-Шопова Марија** (2019) *The Significant Role Of The Tourism in Achieving The United Nations Sustainable Development Goals.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 34 (5). pp. 1259-1264. ISSN 2545-4439

Основната цел на истражување во овој труд е насочена кон согледување на значајната улога на туризмот во постигнување на целите за одржлив развој на Обединети нации. Како што Генералното собрание на Обединетите нации ја потврдува објавата дека 2017 година е меѓународна година на одржлив туризам и развој, при што се укажува на тоа дека туризмот може да придонесе за исполнување не само на трите димензии на одржливиот развој – економска, социјална и еколошка, туку и за секоја од 17-те цели за одржлив развој. Преку спроведеното истражување се потврдува дека секторот туризам придонесува за раст на економијата, за подобрување на квалитетот на животот на луѓето и заштитата на животната средина.

46. Бардарова Снежана, **Магдинчева-Шопова Марија, Ристовска Андријана, Дураклиќ Данијела** (2019) *Creation jobs in the real sector: case of the Republic of North Macedonia.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 34 (1). pp. 55-61. ISSN 2545-4439

Предметот на истражување во овој труд е фокусиран на спроведување на анализа на активните претпријатија во Република Македонија по сектори и по број на вработени во периодот од 2011 до 2017 година, како и анализа на економскиот раст (БДП) во период 2011-2016 година. Секторот за мали и средни претпријатија е двигател на инклузивен економски раст во Македонија и креира одржливи работни места, зголемувајќи ја продуктивноста. Спроведената анализа за малите

претпријатија од аспект на влијанието врз економскиот раст и развој претставува потврда за тоа дека малите претпријатија се насочени кон интензивирање на резултатите од работата преку постигнување рамнотежа помеѓу објективни можности и добри принципи на работа.

**47. Магдинчева-Шопова Марија(2019),** Opportunities for starting entrepreneurial activity in rural areas in municipality of Gevgelija, Knowledge - International Journal, Vol.33, Август 2019

Предметот на истражување во овој труд се состои во согледување на значењето и влијанието на претприемничката иницијатива во развојот на руралниот туризам на подрачјето на Општина Гевгелија. Во теоретскиот дел од трудот е даден приказ на дефинирањето и карактеристиките на руралниот туризам, како и географски опис на местоположбата на руралните средини кои се наоѓаат на подрачјето на Општина Гевгелија. Притоа се анализирани можностите на потенцираниот регион за започнување со претприемничка активност во областа на руралниот туризам, односно претприемништвото во руралните средини. Претприемништвото во руралните средини се согледува преку изразување на интерес за започнување со претприемничка активност, искористување на можностите и претприемачките вештини на локалното население, со што се овозможува подобрување на квалитетот на животот на локалното население и руралните средини.

**48. Магдинчева-Шопова Марија(2019),** Innovative access in the development of social enterprises in the Republic of Macedonia Knowledge - International Journal, Vol.29.1, февруари 2019 г.

Предметот на истражување на овој труд е фокусиран кон согледување на различните бизнис модели на социјални претпријатија и влијанието на иновативниот менаџмент пристап во развојот на социјалните претпријатијата во Република Македонија. Истражувањето во овој труд е насочено кон согледување на значењето и влијанието на современиот иновативен менаџмент за развојот на социјалното претприемништво и социјалните претпријатијата во Република Македонија, како и истакнување на потребата од примената на соодветен методолошки пристап во процесот на креирање на соодветните менаџмент одлуки. Социјалното претпријатие, како правен субјект кој дејствува во одредена социјална економија, вообичаено не е ориентирано кон креирање добивка, туку е ориентирано кон создавање општествен импакт преку имплементирање иновативни методи за обезбедување добра и услуги на пазарот. Разликите во насоченоста на социјалните претпријатија и другите деловни претпријатија предизвикува разлики во примената на иновативниот менаџмент.

49. Димитров Никола, Котески Цане, Јаковлев Златко,Ташков Нако, Методијески Дејан, Митрева Елизабета, **Магдинчева-Шопова Марија, Јошески Душко,Бошков Татјана, Анѓелкова Тања, Филипоски Оливер** (2019) *Regional historical – geographical overview of tourism in the Republic of Macedonia.* SocioBrains, International scientific refereed online journal with impact factor (54). pp. 103-113. ISSN 2367-5721

Во трудот е претставен регионален историски и географски пресек на туризмот во Република Македонија. Истражувањето се фокусира на долг временски период, од почетокот на развојот на туризмот, сѐ до денес. Постојат неколку регионални поделби на туризмот присутни во различни времиња. Во анализата доминира регионалниот преглед на бројот на сместувачки капацитети

и туристичка посета. Целта на истражувањето е аргументирање на рангирањето и вреднувањето на туристичките региони од првата нивна поделба до денес.

50. Котески Цане, Димитров Никола, Јаковлев Златко, **Магдинчева-Шопова Марија, Јошески Душко,Бошков Татјана, Ристова Цветанка** (2019) *Terms of development of tourism in the Vardar region of the Republic of Macedonia.* SocioBrains, International scientific refereed online journal with impact factor (54). pp. 222-231. ISSN 2367-5721

Во оваа студија се разгледуваат условите за развој на туризмот во Вардарскиот регион во Република Македонија, во градот Велес, туристичките атракции, културно-социјалните манифестации во Велес, општините: Лозово, Чашка и Градско, археолошкиот локалитет Стоби, во градот Неготино, вински туризам во Неготино, во градот Демир Капија, Музеј на вино во Демир Капија ,во градот Кавадарци и познатите туристички атракции, културни манифестации, Рудникот Алшар, во градот Свети Николе, познатите туристички атракции, културните манифестации во Вардарскиот регион на Република Македонија, верските објекти во Вардарскиот регион. Студијата дава преглед на домашните и странските туристи во Вардарскиот регион во Република Македонија.

51. Постолов Кирил, **Магдинчева-Шопова Марија, Бардарова Снежана и Ристовска Андријана** (2019) *American business culture: an overview of the national culture and organizational cultural dimensions in the USA.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 30 (1). pp. 17-23. ISSN 2545-4439

Овој труд го елаборира прашањето за важноста на националните културни вредности и организациската култура, преку анализа и објаснување на американската работничка култура во организациското опкружување, набљудувано низ призмата на културните димензии на Хофстедовиот модел. Во таа насока, лидерството во американските компании се смета како процес кој е значајно детерминиран од националните и организациските културни влијанија. Секое претпријатие има одредена форма на организациска култура која моментално е доминантна, но според барањата и влијанијата на различни фактори, таа може да се промени. Компанијата секогаш има за цел да регрутира човечки ресурси кои имаат развиено слична култура како онаа на претпријатието и имаат доволно предиспозиции да ја прифатат.

52. Ристевска-Јовановска Снежана, Јосимовски Сашо, **Магдинчева-Шопова Марија** (2019) Customers preferences regarding the use and acceptance of digital banking products and services, Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 35 (1)

Целта на спроведеното истражување во овој труд е да се откријат навиките и однесувањето на потрошувачите во Македонија во однос на користењето и прифаќањето на производи и услуги за дигитално банкарство. Специфични истражувачки цели се: да се дознае колкав процент од потрошувачите во Македонија купуваат онлајн производи и како варира овој процент во зависност од полот, возраста и професионалниот статус и да се определи колкав процент од вкупниот број на испитаници користат интернет банкарство и како овој процент варира во зависност од полот, возраста и професионалниот статус.

**53. Магдинчева-Шопова Марија, Ристевска-Јовановска Снежана,Бардарова Снежана** ( (2019) *Social media and development of small enterprises in the Republic of Macedonia.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers. ISSN 2545-4439

Предметот на истражување на овој труд е фокусиран кон согледување на значењето и влијанието на социјалните медиуми за развојот на малите претпријатија во Република Македонија. Составен дел од трудот е спроведеното практично

истражување. Извршената анализа на окружувањето и добиените резултати од спроведеното истражување ги потврдуваат поставените хипотези дека социјалните медиуми претставуваат реална потреба за сите претпријатија и претприемачите имаат потреба од едукација за стекнување на знаења за можностите кои ги нудат социјалните медиуми за што се дадени предлози и насоки со цел ефикасно искористување на можностите од социјалните медиуми и подобрување на перформансите на претпријатијата со цел приспособување на современите процеси.

54. Бошков Татјана, **Магдинчева-Шопова Марија** (2019) *Strategic Management And Level Of Company's Export Competitiveness Under Economic Uncertainty.* IJIBM International Journal of Information, Business and Management, 11 (1). pp. 51-61. ISSN 2076-9202 (Print)/2218-046X (Online)

Овој труд дава анализа на стратегискиот менаџмент како нова научна дисциплина, чија цел е овозможување на компанијата и лидери да ги усогласат нивните барања и да постигнат конкурентност на организацијата на сè покомплексните пазари. Затоа предметот на истражување во овој труд е насочен кон моделите на управување кои се користат како водичи за менаџерска активност и за зголемување на конкурентската предност на организациите во услови на економска и политичка несигурност со посебен осврт на стратегијата за раст базирана на извозот која влијае на остварениот профит на компанијата конкурентноста и перформанси во глобалната економија.

55. Даутовиќ Едита, Јанковиќ Марија, **Магдинчева-Шопова Марија** (2019) *Sustainable tourism as a concept of tourism development in Montenegro.* Edicija Evropski Put. pp. 123-147. ISSN ISBN: 978-86-80510-05-7 (ECG)

Целта на овој труд е да се истражат формите на туризам за одредени подрачја, особено заштитените подрачја, екотуризам, рурален туризам, гастрономска понуда, поддршка на културниот, историскиот и здравствениот туризам со ориентација кон повисоко платен туризам, можности за развој на иновативни услуги во туризмот како иднина на секој вид на бизнис. Составен дел на трудот е спроведеното анкетно истражување за преференциите и ставовите на туристите во Црна Гора, чиишто резултати ги потврдија поставените хипотези за одржлив развој на туризмот во Црна Гора и се изразени преку одговорноста за заштита на животната средина, како поради креирање имиџ, притисок од јавноста, заштита на животната средина, како и поради намалувањето на деловните трошоци, а со тоа и зголемувањето профит.

56. Јанеска-Илиев Александра, Постолов Кирил, **Магдинчева-Шопова Марија** (2019) *Generational differences in achieving work-life balance.* MEST Journal, 7 (1). pp. 7-15. ISSN 2334-7058

Главната цел на овој труд е да се согледа важноста и да се најде разбирање за главните аспекти на рамнотежата помеѓу работата и животот и стресот и практичните аспекти на професионалците во борбата за постигнување баланс помеѓу професионален и личен живот. Дадена е анализа за поединци од различни генерации (генерација Baby Boom - родени помеѓу 1946 г. и 1964 г. генерација X-родени помеѓу 1965 и 1977 година и генерација Y-родени помеѓу 1978 и 2000 година, таканаречената милениумска генерација) кои се карактеризираат со различен збир на вредности што влијае на рамнотежата помеѓу работата и животот. Вработените не се од корист за организацијата ако работат под стрес и се растргнати помеѓу семејството и професијата. Клучот за да се направи успешна секоја организација се состои во задоволството од работата, посветеноста и

вклученоста на вработените. Овој труд има придонес во основната анализа на различните пристапи, кои може да обезбедат подобро организациско разбирање на потребите на вработените.

57. Постолов Кирил, Бардарова Снежана, **Магдинчева-Шопова Марија**, Ристовска Андријана (2019) *Challenges in managing your own career development.* Journal "Economic Outlook", 21 (1). ISSN 1450-7951 /2334-7570

Предмет на истражување во овој труд е анализа на различните аспекти на управувањето со кариерата, како се повеќе застапен аспект во теоријата и практиката на функционирањето на организацијата. Во текот на процесот на развој на кариерата, луѓето се соочуваат со голем број проблеми и предизвици поврзани со аспектите на работата и животот. Добиените резултати од истражувањето ја потврдуваат поставената хипотеза дека рамнотежата помеѓу работата и животот е клучен фактор што води до поголема организациска продуктивност.

58. Ристевска-Јовановска Снежана, **Магдинчева-Шопова Марија,** (2018) *Brand and Branding as Important Management Priorities.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 28 (1). pp. 209-215. ISSN 2545-4439

Целта на истражувањето во овој труд е преку анализа на навиките за користење на мобилниот телефон да се утврдат ставовите на корисниците на паметни телефони за маркетинг во земјава. Анкетата е спроведена со примена на онлајн прашалник, направен и дистрибуиран само до оние корисници кои користат паметни телефони во период јуни-октомври 2018 г. Анкетата е спроведена со методот на тестирање на нескриен структуриран прашалник. Добиените резултати од истражувањето ги потврдуваат основните поставени хипотези дека паметните телефони најчесто се користат за остварување повици, за проверка на социјални мрежи и пребарување на Интернет.

59. Ристовска Андријана, **Магдинчева-Шопова Марија, Постолов Кирил,Јосимовски Сашо** (2018) *The determining factors of the brain drain in the Republic of Macedonia and its effects on the economy of the country.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 28 (1). pp. 97-104. ISSN 2545-4439

Овој труд го разработува прашањето за феноменот „одлив на мозоци", набљудувајќи го истиот низ призма на неговиот интензитет во Република Македонија и неговите позитивни и негативни влијанија, но и неговите ефекти врз економскиот развој во земјата.

Врз основа на добиените резултати од истражувањето, прикажани во трудот, но и врз основа на лична експертиза и континуиран мониторинг на процесот на одлив на мозоци од земјата, дадени се извесни препораки за активности на различни нивоа на влијание.

60. Бардарова Снежана, **Магдинчева-Шопова Марија, Марковска Моника, Миленковски Божидар Bardarova,** (2018) *The impact and the role of the small and medium enterprises on the employment in the Republic of Macedonia.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 28 (1). pp. 105-110. ISSN 2545-4439

Предметот на истражување во овој труд е фокусиран кон спроведување на анализа на активните претпријатија во Република Македонија по големина, по сектори и според бројот на вработените, како и анализа на активноста на населението и вработеноста по сектори и по видот на сопственоста на претпријатието во периодот 2013-2017 година. За малите претпријатија се смета дека се носители на иновативноста и претприемништво и претставуваат форми на организација кои брзо реагираат на промените во опкружувањето.

Трудовите објавени во индексирани списанија и во меѓународни научни списанија, а се постари од 5 години, се презентирани и научно-евалуирани во рефератот за избор на кандидатката во наставник во звањето доцент (Универзитетски билтен бр. 121 од 15.4.2014 година) и рефератот за наставник во звањето вонреден професор (Универзитетски билтен бр. 221 од 15.11.2018 година). Публикациите, трудовите и насловите кои кандидатот ги има публикувано и за кое е направена евалуација се прикачени на платформата на електронскиот академски репозиториум на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип и до нив се пристапува преку линкот: https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Magdinceva_Sopova=3AMarija=3A=3A.html

Во изборниот периодот, д-р Магдинчева-Шопова има учествувано на повеќе меѓународни научни собири, конференции во земјава и во странство:

61. „X International Balkan and Near Eastern Social Sciences Series", Универзитет „Св. Климент Охридски", Економски факултет - Прилеп, и Универзитет за агробизнис и рурален развој - Бугарија, Охрид, Република Македонија, октомври 2018 година;

62. 7. Меѓународен конгрес - HOTELPLAN 2018, „Гостопримството како фактор за квалитет на понудата и конкурентноста на туристичката дестинација", Висока хотелиерска школа - Белград, ноември 2018 година;

63. Меѓународната конференција „Geografy, Regional development and Tourism", Konstantin Preslavski University of Shumen, R.Bugaria-November 2018;

64. Учество на 19. Меѓународната конференција „Знаењето во практика", Банско, декември 2018 година;

65. Учество на 6. Меѓународна конференција, Agribusiness MAK-2019 "European Road To Success", Kopaonik, Serbia, January 2019 година;

66. Учество на 20. Меѓународната конференција „Знаење без граници", Врњачка Бања, март 2019 година;

67. Учество на 3. Меѓународна недела, Универзитет АСПИРА, Сплит;

68. Учество на 4. Меѓународна конференција „Tourism in function of development of the Republic of Serbia", Faculty of Hotel Management and Tourism in Vrnjacka Banja, University of Kragujevac, May-June 2019;

69. Учество на Second international Scientific Conference, Challenges of Tourism and Business Logistics in the XXI$^{st}$ Century, University Goce Delcev in Stip, Faculty of Tourism and Business Logistics, September 2019;

70. Учество на 22. Меѓународната конференција „Моќта на знаењето", Кавала, Република Грција, октомври 2019 година;

71. Учество на 11$^{th}$ International Conference-Digital Transformation of the Economy and Society:Shaping the Future, Faculty of Economics-Prilep,Prilep, October 2019;

72. Учество на Научниот собир „Сметководство и ревизија во теоријата и праксата", Banja Luka College, 18.9.2020 година;

73. Учество на 12. Меѓународна конференција - Emerging trends in Business Economics: Towards Competitiveness, Digitalization and Financial Innovation, Економски институт - Белград, 28-29.10.2020 година;

74. Учество на 6. Меѓународна конференција „Tourism Challenges Amid Covid-19", Faculty of Hotel Management and Tourism in Vrnjacka Banja, University of

Kragujevac, June 2021;

75. Учество на 40. Меѓународната конференција „Знаење без граници", Сокобања, Србија, април 2023 година;

76. Учество на 42. Меѓународната конференција „Моќта на знаењето", Переа, Република Грција, октомври 2023 година.

Кандидатката д-р Марија Магдинчева-Шопова поседува и сертификати за учество и презентација на трудовите на значајни меѓународни конференции и симпозиуми во земјава и во странство, и тоа:

77. Сертификат за учество на „X International Balkan and Near Eastern Social Sciences Series", Универзитет „Св. Климент Охридски", Економски факултет - Прилеп и Универзитет за агробизнис и рурален развој - Бугарија, Охрид, Република Македонија, октомври 2018 година;

78. Сертификат за учество на 7. Меѓународен конгрес HOTELPLAN 2018 – „Гостопримството како фактор за квалитет на понудата и конкурентноста на туристичката дестинација", Висока хотелиерска школа - Белград, ноември 2018 година;

79. Сертификат за учество на Меѓународната конференција „Geografy, Regional development and Tourism", Konstantin Preslavski University of Shumen, R.Bugaria-November 2018;

80. Сертификат за учество на 19. Меѓународната конференција „Знаењето во практика", Банско, декември 2018 година;

81. Сертификат за учество на 6. Меѓународна конференција, Agribusiness MAK-2019 "European Road To Success", Kopaonik, Serbia, January 2019;

82. Сертификат за учество на 20. Меѓународната конференција, Знаење без граници, Врњачка Бања, март 2019 година;

83. Сертификат за учество на третата Меѓународна недела при University college od managent and design ASPIRA, Split, May 2019;

84. Сертификат за учество на 4. Меѓународна конференција Tourism in function of development of the Republic of Serbia, Faculty of Hotel Management and Tourism in Vrnjacka Banja, University of Kragujevac, May-June 2019;

85. Сертификат за учество на Second international Scientific Conference, Challenges of Tourism and Business Logistics in the XXI$^{st}$ Century, University Goce Delcev in Stip, Faculty of Tourism and Business Logistics, September 2019;

86. Сертификат за учество на 22. Меѓународната конференција „Моќта на знаењето", Кавала, Република Грција, октомври 2019 година;

87. Сертификат за модератор на 22. Меѓународната конференција „Моќта на знаењето", Кавала, Република Грција, октомври 2019 година;

88. Certificate of participation on 11$^{th}$ International Conference-Digital Transformation of the Economy and Society: Shaping the Future, Faculty of Economics-Prilep, Prilep, October 2019;

89. Сертификат за учество на научниот собир „Сметководство и ревизија во теоријата и праксата", Banja Luka College, 18.9.2020 година.

90. Сертификат за учество на 12. Меѓународна конференција „Emerging trends in Business Economics:Towards Competitiveness, Digitalization and Financial Innovation";

91. Сертификат за учество на 6. Меѓународна конференција „Tourism

Challenges Amid Covid-19", Faculty of Hotel Management and Tourism in Vrnjacka Banja, University of Kragujevac, June 2021;

92. Сертификат за учество на 40. Меѓународната конференција „Знаење без граници", Сокобања, Србија, април 2023 година;
93. Сертификат за модератор на 40. Меѓународната конференција „Знаење без граници", Сокобања, Србија, април 2023 година;
94. Сертификат за учество на 42. Меѓународната конференција „Моќта на знаењето", Переа, Република Грција, октомври 2023 година.

Кандидатката за својата активна работа е добитник на признанија, благодарници:

95. Благодарница како раководител на Наставен центар - Гевгелија, Факултет за туризам и бизнис логистика, 22.5.2019 година;
96. Благодарница за учество во Работилница на тема „Стратегија за туризам на Општина Гевгелија" за период 2019-2024, 28.5.2019 година;
97. Благодарница за учество и организирање на тринаесеттата Туристичко-гастрономска изложба на алтернативни форми за развој на туризмот, Факултет за туризам и бизнис логистика, 8.6.2022 година.

Во изборниот период, д-р Марија Магдинчева-Шопова има одржано предавање по покана од:

98. Здружение на занаетчии на Западен Балкан (ноември 2022 г.) во Бар, Република Црна Гора.

Во периодот 2018-2023 година, д-р Магдинчева-Шопова Марија е учесник во следните научноистражувачки проекти:

99. Национален проект Манифестација за развојот на руралниот туризам во Општина Гевгелија „Рурален туризам" (2019 година), Министерството за економија на Република Северна Македонија.
100. Фразеологизмите како јазична, книжевна и културолошка нишка во наставата по македонски и по странски јазик, Филолошки факултет, Универзитет„ Гоце Делчев" – Штип (јуни 2023 година - јуни 2025 година).

Во изборниот период, кандидатката д-р Магдинчева-Шопова е член на редакциски/уредувачки одбор:

101. Член на Меѓународен редакциски одбор на Годишен зборник на Факултет за туризам и бизнис логистика (Yearbook – Faculty of Tourism and Business Logistics);
102. Член на Меѓународниот уредувачки одбор на списанието Knoledge International Journal, Institute of Knowledge Management, ISSN 2545-4439.

Во изборниот период, кандидатката д-р Магдинчева-Шопова е член на следните организациски одбори и тела:

103. Организацискиот одбор за организирање на Традиционалната изложба под наслов „Туристичко-гастрономска изложба на алтернативни форми за развој на туризмот" - одржана на 9.4.2019 година (Одлука број 2102-74/18 од 13.2.2019 г.);
104. Организациски одбор за организирање на Традиционалната изложба под наслов „Туристичко-гастрономска изложба на алтернативни форми за развој на туризмот" - одржана онлајн на 22.1.2021 г. (Одлука број 2102-133/5 од 29.4.2021 г.);
105. Член на Меѓународниот програмски комитет на Првиот меѓународен студентски симпозиум на Факултетот за туризам и бизнис логистика (Одлука број

2102-65/16 од 10.3.2022 г.);

106. Член на Меѓународниот програмски комитет на Вториот меѓународен студентски симпозиум на Факултетот за туризам и бизнис логистика (Одлука број 2102-65/16 од 10.3.2022 г.);

107. Член на Научниот одбор на Научниот собир „Računovodstvo i revizija u teoriji i praksi», Olimpijada u Računovodstvo 2023, Naučni skup «Računovodstvo i revizija u teoriji i praksi», *Visoke škole «Banja Luka College»,* Bosna I Hercegovina за 2020 година;

108. Член на Научниот одбор на Научниот собир „Računovodstvo i revizija u teoriji i praksi», Olimpijada u Računovodstvo 2023, Naučni skup «Računovodstvo i revizija u teoriji i praksi», *Visoke škole «Banja Luka College»,* Bosna I Hercegovina за 2021 година;

109. Член на Научниот одбор на Научниот собир „Računovodstvo i revizija u teoriji i praksi», Olimpijada u Računovodstvo 2023, Naučni skup «Računovodstvo i revizija u teoriji i praksi», *Visoke škole «Banja Luka College»,* Bosna I Hercegovina за 2022 година;

110. Член на Научниот одбор на Научниот собир „Računovodstvo i revizija u teoriji i praksi», Olimpijada u Računovodstvo 2023, Naučni skup „Računovodstvo i revizija u teoriji i praksi», *Visoke škole «Banja Luka College»,* Bosna I Hercegovina за 2023 година.

Во текот на изборниот период, д-р Марија Магдинчева-Шопова била ангажирана како оценувач-рецензент:

111. Претседател на Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописи за средно стручно четиригодишно образование (Решение бр.26-1843/1 од 7.7.2023 г., Министерство за образование и наука);

112. Претседател на Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописи за средно стручно четиригодишно образование (Решение бр.26-1070/35,46 од 15.6.2023 г., Министерство за образование и наука);

113. Рецензент на научен труд (шест труда за списание „International Journal of Economics, Management and Tourism“ и два труда за списание „Economic Research-Ekonomska Istrazivanja“).

Во периодот 2018-2023 година, кандидатката има остварено меѓународен престој во странство:

114. Студискиот престој е реализиран врз основа на Еразмус плус програмата за мобилност на наставнички кадар, Универзитетот Аспира, Република Хрватска (Договор за финансирање на професионален/кариерен развој број 0307-12/64 од 2.5.2019 г.).

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Покрај публикуваните трудови кои претставуваат потврда за афинитетот и стручноста за научноистражувачка дејност, д-р Магдинчева-Шопова објавува и трудови во зборници на трудови на научни собири во земјава и во странство:

**115. Магдинчева-Шопова Марија, Стојановска-Стефанова Анета** (2023) *Политики и легислативна рамка на македонското буџетско сметководство.* Conference Proceedings Accounting and audit in theory and practice, 5 (5). pp. 211-218. ISSN 2637 - 272X

Предметот на истражување во рамки на овој труд е фокусиран кон анализа на специфичностите на сметководството кај деловните субјекти- буџети и буџетски корисници во РС Македонија со осврт на сметководството кај овие организации во пракса. Во рамки на трудот, спроведено е истражување и со примена на методите на анализа, компарација и дескриптивниот метод ќе биде даден приказ на важечката законска регулатива и извештаите кои ги изработуваат овие субјекти.

116. **Магдинчева-Шопова Марија, Стојановска-Стефанова Анета** (2023) *Финансиски извештаи кај буџетски форми на организација.* Conference Proceedings of the Challenges of Tourism and Business Logistics in the 21st Century, 6 (1). pp. 88-96. ISSN978-608-244-891-6

Предметот и целта на истражување на овој труд е фокусиран кон анализа на финансиските извештаи кои задолжително ги изготвуваат буџетските организации. Бидејќи овој вид деловни субјекти се карактеризираат со одредени специфичности во споредба со останатите деловни субјекти, предметот на истражување во овој труд се фокусира кон согледување на видот на финансиските извештаи кои ги изготвуваат овие субјекти како и постапката на изготвување, усвојување и доставување до соодветните институции. Во заклучокот од трудот презентирани се согледувања и дадени се препораки за унапредување на процесите и процедурите за изработка и усвојување на финансиските извештаи кај Буџетот и буџетските корисници.

117. **Магдинчева-Шопова Марија, Стојановска-Стефанова Анета** (2022) *Специфичности на сметководствените активности кај непрофитни организации, здруженија на граѓани и фондации.* Conference Proceedings - Accounting and audit in theory and practice. ISSN 2637 - 272X

Предметот на истражување во рамки на овој труд е насочен кон анализа на карактеристиките на сметководството кај непрофитни организации во РС Македонија со осврт на извршување на сметководството во пракса. Преку спроведеното истражување, со примена на методот на анализа и дескриптивниот метод е дадена анализа на законската регулатива и разликите помеѓу профитните и непрофитната форма на организација. Добиените заклучоци од спроведената анализа објаснети се во заклучокот од трудот.

118. **Магдинчева-Шопова Марија, Стојановска-Стефанова Анета** (2022) *Претприемништво во услови на Ковид пандемија: нови практики, стратегии и политики.* Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век : Зборник на трудови, 5 (1). pp. 58-65. ISSN 978-608-244-891-6

Предметот на истражување на овој труд е насочен кон согледување на видот на промените во организацијата на работата и практиките кои ги применуваат претприемачите за да се приспособат на новонастаната состојба предизвикана од Ковид-19 пандемијата. Мултилатералната соработка побарува силно мултилатерално лидерство кое подразбираше потреба од брзо делување и преземање на конкретни мерки со цел да се ограничат директните влијанија на Ковид-19 врз здравјето на работниците и нивните семејства и да се ублажат индиректните економски последици на глобално ниво. Во рамки на трудот, презентирани се согледувања и препораки за потребата од примена на современо претприемништво во работата на компаниите, преку имплементирање на нови потфати и стратегии во работата на претприемачите. Ковид пандемијата наметна

потреба од брзи и координирани мерки на политиките на национално и глобално ниво.

119. Стојановска-Стефанова Анета, Рунчева-Тасев Христина, **Магдинчева-Шопова Марија** (2022) *Комуникациски предизвици во мултикултурните општества.* Филко - Зборник на трудови,6 (6). pp. 307-314. ISSN 978-608-244-8718

Трудот има за цел да ја анализира улогата на медиумите во справувањето со предизвиците наметнати од начинот на комуникација во едно мултикултурно општество. Во мултиетнички општества, како македонското, медиумите имаат суштинска улога кога станува збор за рефлектирање на културната разноликост, а начинот на кој медиумите ги отсликуваат одделните општествени групи може лесно да поттикне и низа негативни процеси и појави како што се стереотипи, ксенофобија, говор на омраза или етноцентризам. Конвенционалните (традиционалните), но и новите медиуми, имаат голем потенцијал да го олеснат дијалогот меѓу етничките заедници во едно општество, но истовремено претставуваат и закана за одржувањето на баланс на односите во етнички разнолико општество. Оваа цел е остварлива преку проширување на знаењата кои се однесуваат на различните вредносни системи и практики на другите културни, верски, етнички и социјални групи.

120. Стојановска-Стефанова Анета, **Магдинчева-Шопова Марија,** Рунчева-Тасев Христина, Апостоловска-Степаноска Милена (2022) *E-commerce development during the covid-19 pandemic: the Macedonian case.* The first international scientific and professional confernce BELECON. ISSN 978-86-7169-626-5

Во трудот претставени се резултатите од спроведените истражувања за реализираните онлајн купувања за време на пандемијата во 2020 година. Генерално, коронавирусот го промени начинот на кој поединците, компаниите и земјите воопшто функционираа досега. Пандемијата остави последици кај речиси сите сегменти од општественото живеење, а намалениот промет на компаниите беше мотив за дигитализација на услугите. Многу компании и институции кои во минатото не беа давање услуги по електронски пат почнаа да користат алтернативни начини за да ги понудат своите производи и услуги онлајн. Трудот обезбедува преглед на предизвиците со кои се соочува развојот на е-трговија и креира соодветни заклучоци кои може да бидат применливи во иднината. Преку добиените резултати се потврдува основната хипотеза - кризата предизвикана од влијанието на Ковид-19 предизвика позитивно влијание врз развојот на е-трговијата на нашата земја.

121. Стојановска-Стефанова Анета, **Магдинчева-Шопова Марија** (2021) *The impact of Covid-19 on world tourism.* Tourism challenges amid Covid-19 (TISC 2021) –Thematic proceedings, 6 (1).

Во овој труд се претставени ефектите од влијанието на Ковид-19 на светскиот туризам во 2020 година. Целта на трудот е да се истражат последиците од пандемијата врз туристичкиот сектор. Трудот ги презентира и прегледува достапните информации за тоа како секторот туризам бил погоден од пандемијата, загрозените работни места и начините на кои земјите се справуваат со последиците. Во трудот се разгледуваат можните мерки и сценарија на земјите за ублажување на ефектите од кризата и забрзување на закрепнувањето на туризмот и економијата. Сумирајќи ги наодите, се заклучува дека нарушувањето на туризмот од пандемијата има огромно влијание врз пошироката економија, а владите на

земјите брзо реагираа. Опсегот на наметнати мерки континуирано се проширува за време на кризата. На крајот од трудот се дадени препораки за приоритетите за обнова на туризмот и заштита на работните места, како препораки за солидарност и унапредување на меѓусебната соработка.

**122. Магдинчева-Шопова Марија**, Стојановска-Стефанова Анета (2021) *Политики и практики за развој на социјалното претприемништво.* Challenges of tourism and business logistics in the 21st century ISCTBL 2021-Conference Proceedings, 4 (1). pp. 80-85. ISSN 978-608-244-824-4

Преку овој труд се согледува важноста од примената на соодветни политики и практики за унапредување и развој на социјалното претприемништво. Бидејќи социјалното претприемништво и социјалните претпријатија се карактеризираат со специфични карактеристики во рамките на овој труд ќе биде даден теоретски приказ и дефинирање на термините социјално претприемништво и социјално претпријатие, како и факторите кои влијаат на креирањето на соодветни политики и практики. Политиките претставуваат сет, збир од правила на однесување во рамки на претпријатијата кои го олеснуваат процесот на одлучување. Практиките имаат за цел подобрување или усовршување на определени организациски однесувања и дејствувања.

123. Стојановска-Стефанова Анета, **Магдинчева-Шопова Марија,** Рунчева-Тасев Христина, (2021) *Социо-економското влијание на Ковид-19: Македонскиот случај со развој на е-трговијата.* Challenges of tourism and business logistics in the 21st century - ISCTBL 2021-Conference Proceedings, 4 (1). pp. 86-99. ISSN 978-608-244-824-4

Трудот го презентира истражувањето за онлајн купувањето направено за време на пандемијата во 2020 година, а дава осврт на предизвиците со кои се соочува развојот на е-трговијата. Исто така, трудот нуди адекватни заклучоци кои би можеле да бидат применливи во иднина. Македонците, според официјалните податоци достапни од Народната банка, во првите шест месеци од 2020 година направиле промет од 4,3 милијарди денари со платежни картички кај домашните интернет продавници што е раст од 113% споредбено со првите шест месеци од 2019 година. Според официјалните податоци, во јуни 2020 година имало 1.223 виртуелни места на продажба, односно е-продавници, што претставува раст од 20% во однос на декември 2019 година. Овие податоци, како и сознанијата добиени од истражувањето ја потврдуваат основната хипотеза дека кризата предизвикана од Ковид-19 позитивно влијаеше на развојот на е-трговијата во нашата држава.

**124. Магдинчева-Шопова Марија, Стојановска-Стефанова Анета** (2021) *Accountants stress management policies caused by the impact of COVID-19 virus: the Macedonian case.* Conference Proceedings Accounting and audit in theory and practice. pp. 245-256. ISSN 2637 - 272X

Преку овој труд се согледува влијанието на вирусот Ковид-19 на работата на сметководителите. Составен дел од трудот е спроведено истражување кое има за цел да ги согледаат причинителите на стресни состојби кај сметководителите и овластени сметководители, а посебно влијанието на вирусот Ковид-19. Добиените резултати од истражувањето ја потврдуваат поставената хипотеза дека влијанието на вирусот Ковид-19 претставува основен фактор за зголемување на стресните состојби кај сметководителите/ овластените сметководители од аспект на навремено извршување на обврските во согласност со законските рокови на

вработените на работното место, како и намалување на работата. Сметководителите мора да се приспособат на новонастанатата состојбата од аспект на извршувањето на работните обврски, но во услови на зголемен ризик во работењето. За таа цел од голема важност е креирањето на политики за менаџирање со стресот кај сметководителите и овластените сметководители.

125. Стојановска-Стефанова Анета, **Магдинчева-Шопова Марија**, Рунчева-Тасев Христина, (2020) *Empowerment of women: Challenges and opportunities in the modern world.* International scientific conference "Challenges of tourism and business logistics in the 21st century", 3 (3). pp. 119-130. ISSN 978-608-244-779-7

Трудот дава информативен преглед на важноста на родовата еднаквост како столб на глобалниот развој и важноста од зајакнувањето на жените во современиот свет. Дадена е анализа за најголемиот предизвик со кој се соочуваат жените на меѓународно ниво денес. Постигнувањето на родовата еднаквост и зајакнувањето на жените е составен дел од Агендата на Обединетите нации за одржлив развој 2030 година и на секоја од нејзините 17 цели за одржлив развој усвоени од светските лидери во 2015 година. Според ООН, има напредок во последните децении: повеќе девојчиња одат на училиште, помалку девојчиња се принудени на рани бракови, повеќе жени служат во парламентот и лидерски позиции, а законите се реформираат за да се унапреди родовата еднаквост. Се заклучува дека родовата еднаквост не е само основно човеково право, туку неопходна основа за мирен, просперитетен и одржлив свет.

**126. Магдинчева-Шопова Марија, Стојановска-Стефанова Анета** (2020) *Institutional framework for regulating the work of accountants as entrepreneur.* Accounting and audit in theory and practice. pp. 181-193. ISSN 2637 - 272X

Целта на овој труд е да даде приказ на институционалната рамка со која се регулира сметководствената професија во Република С. Македонија. Извршувањето на сметководствените работи подразбира процес на прибирање и обработка на податоци врз основа на сметководствени документи, подготовка и водење на трговски односно деловни книги и составување на годишна сметка и финансиски извештаи во согласност со законската регулатива. Како сложен процес бара исклучителна стручност и посветеност од страна на сметководителите - лицата кои се директно вклучени во истиот. Секој систем на известување треба да биде квалитетен и да биде заснован на почитување и примена на законската регулатива од областа на сметководственото работење, почитување и примена на сметководствени стандарди, како и примена на високи етички стандарди во секојдневното работење.

127. Стојановска-Стефанова Анета, **Магдинчева-Шопова Марија** (2021) *Предизвиците од политичката глобализација за државите.* Зборник на трудови / Петта меѓународна научна конференција ФИЛКО филологија, култура и образование, 8-9 октомври 2020, Штип = Сборник статей / Пятая международная научная конференция ФИЛКО филология, культура и образование, 8-9 октября 2020, Штип = Confer. pp. 319-326. ISSN ISBN 978-608-244-787-2

Во овој труд даден е осврт на влијанието кое глобализацијата го остварува во меѓународната заедница и се согледува влијанието врз белезите на државата како важни правни критериуми за дефинирање на државноста и за стекнување на статус признавање во меѓународното право и меѓународните односи, но и на улогата на глобализацијата во создавањето на глобална култура кај државите.

Глобализацијата е феномен кој условно кажано го нарушува суверенитетот на државите и ги надминува националните граници, преку примена на принципот на либерализација на економијата, ги брише националните граници на државите, врши елиминирање на национални ограничувања за трговска размена, истовремено тежнеејќи да создаде своја цивилизација која ќе ги изедначува културните карактеристики на народите во различни држави во светот.

128. Стојановска-Стефанова Анета, Рунчева-Тасев Христина, **Магдинчева-Шопова Марија** (2020) *The Importance of Diplomacy for the Foreign Policy and Modern Diplomacy Challenges.* IAI Academic Conference Proceedings. pp. 54-58. ISSN 2671-3179

Овој труд го анализира значењето на дипломатијата за надворешната политика на државите. Во трудот се анализира еволуцијата на дипломатијата од нова и иновативна перспектива. Клучниот елемент во анализата е концентрација на односот меѓу дипломатијата и надворешната политика и меѓу потребите на државите и функционирањето на надворешната политика. Исто така, тоа е поврзано со историјата на дипломатијата и начините на кои се водат модерните дипломатии. Трудот дава појаснување на односите меѓу дипломатијата и надворешната политика.

**129. Магдинчева-Шопова Марија, Стојановска-Стефанова Анета** (2020) *Human resources and the development of SMEs in tourism.* Tourism in function of development of the Republic of Serbia. pp. 231-247. ISSN 978-86-89949-09/4

Овој труд ги презентира добиените наоди од спроведеното истражување за влијанието и улогата на човечките ресурси за развојот на малите и средни претпријатија. Малите и средни претпријатија се двигатели на инклузивен економски раст во Република С. Македонија и креатори на продуктивни и одржливи работни места. Современите и динамични услови за работа се предизвик за малите и средни претпријатија и го принудуваат менаџментот да воведе трансформациски промени со цел брзо да се приспособат на променливите светски пазари и глобалната конкуренција. Ефективното и ефикасно управување со претпријатието вклучува имплементирање стратегии за управување со човечки ресурси.

130. Атанасоски Драшко, Стојановска-Стефанова Анета,**Магдинчева-Шопова Марија** (2019)*Characteristics of the contracts from international trade -key legal instrument for successful foreign and trade operation.* Proceedings / Second international scientific conference “Challenges of tourism and business logistics in 21st century, ISCTBL, Stip, September 13th, 2019. – Shtip: University “Goce Delcev” - Shtip, Faculty of tourism and business logistics - Gevgelija, 2. pp. 123-134. ISSN ISBN 978-608-244-693-6

Преку овој труд се презентираат правните инструменти преку кои се реализира трговијата со стоки и услуги. Овие инструменти се договори во меѓународната трговија кои ги специфицираат сите активности на субјектите кои се дел од прометот со стоки и услуги. Со појавата и развојот на меѓународната размена и развојот на меѓународните економски односи, склучувањето на договорите се менува. Тоа е сосема логично поради тоа што современиот степен на меѓународни односи се состои од динамичен и модерен начин на склучување и нормирање во споредба со почетните бавни и симболични договори.

131. Јошески Душко, Блажековиќ-Тошевски Марина,**Магдинчева-Шопова Марија** (2019) *Myerson-Satterthwaite theorem and asymetric FPA auctions.* In: 11th

International conference digital transformation of the economy and the society: Shaping the future.

Во овој труд предмет на истражување е Myerson-Satterthwaite теорема со асиметрична аукција на првата цена (FPA). Билатералната трговска теорема за неефикасност наспроти ефикасноста на аукциите на FPA во кои наводно нема доминантна стратегија, каде што понудите се приватни информации и се прават истовремено, каде што победува највисоката понуда, а победникот ја плаќа победничката понуда. Овој тип на аукција може да не е Парето ефикасен (оваа состојба бара предметот да му се додели на понудувачот со највисока вреднување). Но, на запечатените аукции на FPA, највисокиот понудувач нема сознанија за вреднувањата на другите понудувачи.

132. Котески Цане, **Магдинчева-Шопова Марија** (2019) *SMEs in the development of tourism in the area of the Crna Reka basin in the Republic of Macedonia.* In: 4th International Scientific Conference, Tourism in function of development of the Republic of Serbia, - Tourism as a Generator of Employment, 30 May-01 June 2019, Vrnjacka Banja, Republic of Serbia.

Предметот на истражување во овој труд е фокусиран кон согледување на потребата од примена на иновативен пристап во креирањето на оригинална туристичка понуда. Преку анализата ќе се потврди основната хипотеза дека малите и средни претпријатија се двигатели на развојот на туризмот во овој регион. Конкретно, предметот на истражување во овој труд се фокусира на согледување на влијанието на малите и средни претпријатија во развојот на туризмот на подрачјето на сливот на Црна Река. Од географска гледна точка, Црна Река минува низ 13 општини во југозападниот дел на Република Македонија и зафаќа површина од 4869,72 km2. Природните убавини, чистата животна средина, манастирите, манифестациите, традиционалната храна и локалните ресурси предуслови за развој на туризмот ги фрлаат малите и средни претпријатија во овој регион.

133. Анѓелкова-Петкова Тања,**Магдинчева-Шопова Марија , Ѓорѓевиќ Милошевиќ Сузана**(2018) *Development of rural tourist destinations through the entrepreneuship in the Republic of Macedonia.* In: HOTELPLAN 2018, 2 October - 3 October, Belgrade, Serbia.

Трудот дава преглед на одредени рурални дестинации во функција на туризмот, видот на туристичките производи, земјоделските ресурси, социјалната потреба на селаните, како и значењето на „земјоделското" претприемништвото во Македонија. Селата денес постојат повеќе како географски поими за да ја означат територијата, каде што живеат мал број луѓе. Селото „преживува“ тектонски промени во економска, социјална, психолошка и политичка смисла, а „жителите на село“, односно земјоделците (земјоделските производители-претприемачи) главно се препуштени на нивната способност за приспособување во непознати ситуации. Иднината на селото зависи од застапеноста на претприемништвото.

Трудовите објавени во зборници на трудови на научни собири во земјава и во странство, а се постари од 5 години, се презентирани и научно евалуирани во референтот за избор на кандидатката во наставник во звањето доцент (Универзитетски билтен бр. 121 од 15.4.2014 година) и реферетот за наставник во звањето вонреден професор (Универзитетски билтен бр. 221 од 15.11.2018 година). Публикациите, трудовите и насловите кои кандидатот ги има публикувано и за кое е направена евалуација се прикачени на платформата на електронскиот

академски репозиториум на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип и до нив се пристапува преку линкот: https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Magdinceva_Sopova=3AMarija=3A=3A.html

За време на изборниот период, кандидатката д-р Магдинчева-Шопова учествува во изработката на стратегија за развој на туризмот во Општина Гевгелија:

134. Учесник во изработката на Стратегија за развој на туризмот во Општина Гевгелија (2019) под наслов „Стратегија за развој на туризмот во Општина Гевгелија" во период од 2019-2024. Општина Гевгелија, Гевгелија.

Во изборниот период д-р Магдинчева-Шопова е ангажирана како оценувач/консултант на Институтот на овластени ревизори за предметот Финансиско сметководство.

135. Оценувач за испитот по предметот Финансиско сметководство за стекнување звање ревизор (Договор за консултантски услуги број 0302-15/13 од 10.1.2020 г.).
136. Оценувач за испитот по предметот Финансиско сметководство за стекнување звање ревизор (Договор за консултантски услуги број 0302-458/01 од 22.12.2021 г.).
137. Оценувач за испитот по предметот Финансиско сметководство за стекнување звање ревизор (Договор за консултантски услуги број 0307-330/15 од 1.7.2022 г.).
138. Оценувач за испитот по предметот Финансиско сметководство за стекнување звање ревизор (Договор 0207-567/2 од 21.12.2022 г.) од Институт на овластени ревизори на РСМ.
139. Во периодот 2018-2023 година има изработено поголем број (20 стручни мислења и наоди) од областа на материјално-сметководствено-финансиско работење.

Во изборниот период, кандидатката д-р Марија Магдинчева-Шопова е член на повеќе факултетски органи и комисии:

140. Член на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика (2018-2023);
141. Член на Наставно-научниот совет на ДС на Кампус 4 (2021-2023);
142. Член на Комисијата за спроведување на избори за Факултетско студентско собрание на ФТБЛ за Наставен центар Гевгелија (Одлука број 2103-322/1 од 4.11.2019 г.);
143. Член на Работната група за работа на елаборати за акредитација на студиски програми на ФТБЛ (насока Бизнис логистика, Одлука број 2103-403/1 од 30.12.2019 г.);
144. Член на Комисијата за спроведување на постапка за избор на декан на Факултетот за туризам и бизнис логистика (Одлука број 2102-357/8 од 20.11.2019 г.);
145. Член на Комисијата за проверка на студентско досие за Наставен центар Гевгелија (Одлука број 2102-424/30 од 24.10.2018 г.);
146. Член на Комисијата за прием на документи за прием на документација за упис за 2019/2020 г. (Одлука број 2102-174/5 од 5.6.2019 г.);
147. Член на Комисијата за самоевалуација на Факултетот за туризам и бизнис логистика (Одлука број 2102-198/5 од 25.8.2021 г.) и

148. Заменик-член на Дисциплинската комисија на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип (Одлука број 2102-143/7 од 20.9.2023 г.);

149. Член на Комисија за оценка на докторски труд на Илија Закоски од ФТБЛ при УГД – Штип (Одлука бр.0206-454/2 од 1.7.2022 г.);

150. Член на Комисија за оценка за одбрана на докторска дисертација на Неда Калешовска - Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје (Одлука бр.02-1306/3 од 10.9.2020 г.);

151. Член на Комисија за оценка на докторски труд на Илија Закоски од ФТБЛ при УГД – Штип (Одлука бр.0206-454/2 од 1.7.2022 г.);

152. Член на Комисија за оценка на магистерски труд на Љупка Вукашиновски од ФТБЛ при УГД – Штип (Одлука бр.402-242/5 од 4.11.2021 г.);

153. Член на Комисија за оценка на магистерски труд на Алмир Машовиќ од Научен институт за Бизнис економија – Скопје (Одлука бр.0206-454/2 на 1.7.2022 г.);

154. Член на Комисија за оценка на магистерски труд на Младен Мицевски од ФТБЛ при УГД – Штип (Одлука бр.2102-100/6 од 15.5.2022 г.);

155. Член на Комисија за оценка на магистерски труд на Марија Нешовиќ од ФТБЛ при УГД – Штип (Одлука бр.2102-86/15 од 19.4.2023 г.);

156. Претседател на Комисија за оценка на магистерски труд на Емилија Божиновска од ФТБЛ при УГД – Штип (Одлука бр.2102-41/7 од 15.5.2023 г.);

157. Претседател на Комисија за рецензија на универзитетски учебник „Економика“ (Одлука бр.2102-305/5 од 22.8.2018 г.);

158. Претседател на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научните области претприемништво и управување со човечки ресурси на ФТБЛ при УГД – Штип (Одлука бр.2102-35/5 од 24.1.2022 г.);

159. Претседател на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област претприемништво на ФТБЛ при УГД – Штип (Одлука бр.2102-142/4 од 24.6.2022 г.).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација што беше доставена и констатира дека на објавениот јавен оглас за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област претприемништво на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип единствен пријавен кандидат е д-р Марија Магдинчева-Шопова, вонреден професор. По прегледот на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Марија Магдинчева-Шопова во целост ги исполнува условите предвидени со законските прописи за избор во звање редовен професор. Кандидатката има постигнато извонредни научноистражувачки резултати во областа на претприемништвото, континуирано научно напредување и активно публикува научни трудови со оригинални резултати во референтни меѓународни

списанија. Исто така, успешно одржува настава на прв, втор и трет циклус студии и е учесник во научноистражувачки проекти. Оттука, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа д-р Марија Магдинчева-Шопова има значителен придонес во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност и ги има освоено потребните бодови, согласно со критериумите за бодување. Согласно со претходно изнесеното, а во согласност со Законот за високото образование, Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Рецензентската комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, кандидатката д-р Марија Магдинчева-Шопова да ја избере во звањето редовен професор за наставно-научната област претприемништво на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за кандидатката да биде избрана во наставно-научното звање редовен професор за претходно назначената област на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Моника Марковска, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Мимоза Серафимова, редовен професор, член, с.р.
Д-р Мичо Апостолов, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ на д-р Марија Магдинчева-Шопова за период 2018-2023

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Избрана во звање вонреден професор | 40 | | | | |
| | **ВКУПНО** | **40** | | | | |
| | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Монографија или научна книга (реф.бр.1,2,3,4,5,6,7,8,9,10,11,12,13,14,16 и 22) | 1 | 10 | 15 | 15 | **235** |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание<br>Прв автор<br>(реф.24,25,26,27,28,32,33,37,41, 47,48,53)<br>Втор автор<br>(30,31,38,39,42,43,44,45,46,51,54,58,59,60)<br>Останати<br>(35,40,49,50,52,56,57) | 12x9<br>14x6<br>7x3 | | | | **108**<br>**84**<br>**21** |
| **5.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (реф.бр.55,од 115 до 133) | | | 20 | 3 | **60** |
| **8.** | Одржано предавање по покана (реф.бр.98) | | | 1 | 3 | **3** |
| **9.** | Учество на научен собир со реферат (постер/ усно), концерт во земјата и во странство (реф. бр. 61 и 71-во земјава) (реф.бр.62,63,64,65,66,67,68,69,70,72,73,74 75,76 - во странство) | 2 | 1,5 | 14 | 2 | **3**<br>**28** |
| **14.** | Учесник во научен проект (реф.бр.99,100) | 2 | 2 | | | **4** |
| **16.** | Член на уредувачки одбор на научно списание (реф.бр.102) | | | 1 | 4 | **4** |
| **17.** | Уредник на зборник на трудови (реф.бр.101) | 1 | 2 | | | **2** |
| **20.** | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал (реф.бр.103,104,105,106,107,108,109,110) | 2 | 1 | 6 | 2 | **14** |
| **24.** | Рецензент на научен труд (реф. бр.111,112,113) | | | 2<br>8 | 2<br>1 | **4**<br>**8** |
| **23.** | Студиски престој во странство (реф.бр. 114) | | | 1 | 8 | **8** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **586** |

| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **1.** | Книга, учебник (реф.бр.15,17,18,1920,23) | 5 | 10 | | | **50** |
| **4.** | Стручна монографија (реф.бр.21) | 1 | 8 | | | **8** |
| **6.** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (реф.бр.29,34,36) | 3 | 2 | | | **6** |
| **17.** | Елаборати и експертизи (реф.бр.134) | 1 | 2 | | | **2** |
| **18.** | Изготвување на извештаи од анализи (реф.бр.139) | 20 | 0,1 | | | **2** |
| **19.** | Стручни награди и признанија (реф.бр.77,78,79,80,81,82,83,84,85,86,87,88,89,90,91,92,93,94,95,9697) | 21 | 4 | | | **84** |
| **28.** | Член на факултетски орган,комисија (реф. бр. од 140 до 159) | 20 | 2 | | | **40** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **192** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **818** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИМПЛАНТОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002--270/4 од 31.10.2023 година донесена на 331. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 31.10.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научна област *имплантологија* (30413) на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

- д-р Драган Красиќ - редовен професор на наставно-научната област максилофацијална хирургија, вработен на Медицински факултет при Универзитет во Ниш - претседател;
- д-р Горан Јовановиќ - редовен професор за наставно-научната област орална хирургија, вработен на Медицински факултет при Универзитет во Ниш - член;
- д-р Ерол Шабанов - редовен професор во пензија, за наставно-научна област протетика – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 17.10.2023 година и во предвидениот рок се пријави: проф. д-р Киро Папакоча, вонреден професор.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Киро Папакоча е роден во 1978 година во Прилеп. Основно и средно училиште со одличен успех завршува во Крушево. Дипломира на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот по медицина и фармација „Карол Давила“ во Букурешт, Романија, во 2003 година, со просек на студирање 9,14 и по изработување на дипломската работа со просечна оценка 10 се здобива со стручен назив дипломиран доктор стоматолог со просечна оценка на студирање 9,28. Истата година ја започнува специјализацијата по орална хирургија во рамките на Универзитетската ургентна клиничка болница по орална и максилофацијална хирургија „Проф. д-р Дан Теодореску“ при Универзитетот по медицина и фармација „Карол Давила“ во Букурешт, Романија. Во 2006 година ја завршува специјализација по орална хирургија, при што со полагањето на специјалистичкиот испит се здобива со звањето специјалист орален хирург.

Од 2006 година ги започнува докторските студии (трет циклус студии) на Универзитетот по медицина и фармација „Карол Давила“ во Букурешт, Романија, од областа на орална имплантологија под менторство на проф. д-р Михаи Аугустин – шеф на Клиника и Катедра по орална имплантологија. Докторската дисертација под наслов „Методи и техники за реконструкција на дефицитарни алвеоларни гребени“ јавно ја брани на 5.12.2012 година, со што се стекнува со академскиот

степен доктор на стоматолошки науки од областа на оралната имплантологија.

Во 2008 година д-р Киро Папакоча се вработува на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, при што се здобива со соработничко звање помлад асистент, додека во 2011 година е избран за асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. За доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ е избран во 2014 година. Кандидатот д-р Киро Папакоча е избран за вонреден професор на наставно-научната област имплантологија (30413) во 2018 година.

Активно се служи со англиски и со романски јазик.

*Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во редовен професор*

*Општи услови*

1. Кандидатот има завршено интегрирани студии од прв и втор циклус студии со времетраење од шест години студии (360 ЕКТС) на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот по медицина и фармација „Карол Давила“ во Букурешт, Романија, во 2003 година, со просечен успех 9,14;
2. Кандидатот е доктор на стоматолошки науки во областа имплантологија;
3. Во звање вонреден професор на научната област имплантологија (30413) е избран на 20.12.2018 година со Одлука бр. 2002-284/8 на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
4. Објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации:

**1. Papakoca, Kiro** and Petrovski, Mihajlo (2019) Etiology of peri-implantitis. Knowledge - International Journal, Scientific Papers. ISSN 2545-4439 (indexed)

**2. Papakoca, Kiro** and Petrovski, Mihajlo (2021) Laser assisted periodontal treatement. Knowledge –International Journal, 44 (2). pp. 171-175. (indexed)

**3. Papakoca, Kiro** and Petrovski, Mihajlo (2021) Advantages of laser usage in dental implanology. Knowledge- International Journal, 47 (4). pp. 519-523.

**4. Papakoca, Kiro** and Petrovski, Mihajlo (2022) Aesthetics of dental implants - periodontal and surgical aspects. Knowledge-The Teacher of the Future, 50 (4). pp. 505-510. (indexed)

5. Petrovski, Mihajlo and **Papakoca, Kiro** (2022) Surgical manipulation of soft and bone tissue in contemporary dental implantology. Knowledge - International Journal, 54 (4). pp. 639-643. (indexed)

6. Gulaboski, Rubin and **Papakoca, Kiro** and Mirceski, Valentin (2023) Theoretical analysis of surface electrode reaction coupled with preceding chemical reaction under conditions of differential square-wave voltammetry. Journal of Solid State Electrochemistry, 27. pp. 1-10. ISSN 1432-8488(indexed);

5. Кандидатот има завршено високо образование и студии на романски јазик;
6. Вонр. проф. д-р Киро Папакоча е ментор на тројца докторанди и на шест специјализанти по орална хирургија.

*Посебни услови*

1. Кандидатот има учество во научноистражувачки проекти како истражувач со значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати и тоа во националните проекти:

1. Kovacevska, Ivona and Papakoca, Kiro and Petrovski, Mihajlo and Longurova, Natasa and Arsova, Natasa and Kitanovska, Emilija and Toneva, Verica and Toneva, Aleksandra (2017) Процена на корелацијата на реналната калкулоза со забниот камен.
2. Minovska, Ana and Mirakovski, Dejan and Kovacevska, Ivona and Papakoca, Kiro and Petrovski, Mihajlo and Cvetanovska-Stojchevska, Daniela and Aleksandrovska, Ana (2017) Евалуација на присуството на аеросоли како потенцијални загадувачи со стоматолошките ординации.
3. Dimova, Cena and Papakoca, Kiro and Zlatanovska, Katerina and Naskova, Sanja and Zarkova-Atanasova, Julija and Petrovski, Mihajlo and Terzieva-Petrovska, Olivera and Rogoleva, Sonja and Kocovski, Darko (2018) Значење на соодветна орална хигиена за состојбата на оралното здравје кај студенти на медицинските науки/ Significance of proper oral hygiene for oral health condition of medical science students

2. Под менторство на д-р Киро Папакоча се изработени повеќе дипломски трудови, а во изборниот период се јавува како ментор на шест специјализанти. Активно придонесува во оспособување на помлади наставници и соработници. Д-р Киро Папакоча два пати бил член на рецензентска комисија за избор во наставни и соработнички звања.

1. Кандидатот е автор на десет позитивно рецензиран учебник, скрипта и практикум објавени на е-библиотека на УГД и тоа:

1. **Papakoca Kiro,** Măru Nicoleta, Dobrovolschi Oleg, BurceaClaudia (2012) *Fiziologia şi metabolismul oaselor maxilare (vezi reabilitarea implanto-protetică).* In: Progrese în Medicina Dentară. Universitatea din Bucureşti, pp. 61-77.
2. **Papakoca Kiro**, Măru Nicoleta, Cristache Corina Marilena, Burcea Claudia (2012) *Noţiuni anatomice privind procesele alveolare şi structurile vecine din perspectiva reabilitării implanto-protetice.* In: Progrese în Medicina Dentară. Universitatea din Bucureşti, pp. 77-98.
3. **Papakoca Kiro**, Burlibasa Mihai, Cristache Corina Marilena, Tanase Gabriela, Dobrovolschi Oleg (2013) *Implantologia orală corelată cu reconstrucţia crestelor alveolare deficitare.* In: Actualităţi în Asistenţa Medicală. Universitatea din Bucureşti, pp. 261-329.
4. Dimova Cena, **Papakoca Kiro**, Zlatanovska Katerina, Zarkova Julija (2014) *Дентална имплантологија - скрипта.* ISBN 978-608-244- 023-1.
5. Dimova Cena, **Papakoca Kiro**, Zlatanovska Katerina, Zarkova Julija (2014) *Дентална имплантологија - практикум.*ISBN 978-608-244- 024-8.
6. **Papakoca Kiro**, Mitevski Kiril, Apostoloski Pavle, Petrovski Mihajlo (2017) *Анатомија на вилици и дентална морфологија - Скрипта.* ISBN 978-608-244-406-2.
7. **Papakoca, Kiro** and Naskova, Sanja and Mitevski, Kiril and Apostoloski, Pavle and Petrovski, Mihajlo (2017) *Анатомија на вилици и дентална морфологија - практикум.* ISBN 620 978-608-244-407-9.
8. Minovska, Ana and **Papakoca, Kiro** and Petrovski, Mihajlo and Terzieva-Petrovska, Olivera (2020) *Пациенти со ризик за стоматолошки интервенции - учебник.* Goce Delcev University, Stip. ISBN 978-608-244-782-7

9. Minovska, Ana and **Papakoca, Kiro** and Petrovski, Mihajlo and Terzieva-Petrovska, Olivera (2020) *Пациенти со ризик за стоматолошки интервенции-практикум.* Goce Delcev University, Stip. ISBN 978-608-244-782-8

10. **Papakoca, Kiro** and Petrovski, Mihajlo and Proseva, Ljubica and Apostoloski, Pavle and Mitevski, Kiril (2023) *Апарати и инструменти во заботехничка лабораторија.* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-277-004-8

**Наставно- образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатот д-р Киро Папакоча е вклучен во изведувањето на теоретската настава на Факултетот за медицински науки на Студиската програма по дентална медицина и Стручните студии за забен техничар-протетичар. Во текот на претходниот избор како вонреден професор учествува во реализација на наставата по предметите:

- Анатомија на вилици и морфологија на заби за студентите по дентална медицина;
- Анатомија на вилици и морфологија на заби за стручен забен техничар – протетичар;
- Организација на стоматолошка служба;
- Пациенти со ризик за стоматолошки интервенции;
- Апарати и инструменти во заботехничка лабораторија 1;
- Апарати и инструменит во заботехничка лабораторија 2;
- Дентална имплантологија за студентите по дентална медицина;
- Дентална имплантологија за стручен забен техничар-протетичар;
- Стоматолошка рендгенологија;
- Максилофацијална хирургија за стручен забен техничар протетичар;
- Лицево-вилична протетика за стручен забен техничар.

Кандидатот д-р Киро Папакоча учествува во изведувањето на наставата на втор циклус студии - специјалистички студии за забен техничар на Факултетот за медицински науки - Штип на следниве предмети:

- Современи заботехнички апарати и инструменти;
- Супраструктури над дентални импланти;
- Менаџмент во здравство.

Кандидатот д-р Киро Папакола учествува во изведувањето на наставата на трет циклус студии на студиската програма Базични и клинички истражување во денталната медицина на Факултетот за медицински науки - Штип на следниве предмети:

- Епидемиологија на орални заболувања;
- Радиографски процедури во дентална медицина;
- Принципи на фотографирање во орофацијална регија за научноистражувачки цели;
- Современи имплантолошки технологии и процедури;
- Развој и аномалии на орофацијалниот систем.

Во текот на својот научен развој, кандидатот активно учествува на бројни домашни и меѓународни научни, стручни конференции и симпозиуми со усни и постер презентации како автор или коавтор. Исто така, д-р Киро Папакоча се јавува како ментор на студенти во изработката на трудови за студентски конгреси и како и едукатор на работилници.

Сите објавени трудови и активности од НИ и САОР на кандидатот д-р Киро Папакоча до изборот во асистент се евалуирани и бодирани при изборот во асистент и тоа од бр. 1 до 12 во Универзитетски билтен на Универзитетот „Гоце Делчев" бр. 62 од 15 јуни 2011 година (41-49 стр.) со вкупно поени 60,5.

За избор во доцент се рецензирани трудови од број 13 до број 49 во Универзитетски билтен на Универзитет „Гоце Делчев" број 122 од 15 април 2014 година и вкупно 226,5 поени.

Во рефератот за избор во вонреден професор рецензирани се трудовите од број 50 до број 111 се евалуирани во Универзитетскиот билтен на Универзитетот „Гоце Делчев" бр. 222 од 3.12.2018 година со вкупно 199 бодови.

Листа на трудови и активности од остварената научноистражувачка дејност на вонреден проф. д-р Киро Папакоча, кои го доставува за избор во редовен професор, а се однесуваат на последните пет години:

**I. Учебници и учебни помагала**

112.Minovska, Ana and **Papakoca, Kiro** and Petrovski, Mihajlo and Terzieva-Petrovska, Olivera (2020) *Пациенти со ризик за стоматолошки интервенции - учебник.* Goce Delcev University, Stip. ISBN 978-608-244-782-7 http://e-lib.ugd.edu.mk/969

Учебникот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 254 на Универзитетот „Гоце Делчев" од 15.5.2020 година.

Со Одлука бр. 2002-270/3 од 31.10.2023 година, донесена на 311. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, одржана на 31.10.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област медицинска генетика на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Конкурсот за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област медицинска генетика (30115) на Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип избор беше објавен во весниците „Слободен печат" и „Коха" на ден 17.10.2023 година и во предвидениот рок се пријави:

- вонреден професор д-р Тодор Арсов, доктор на медицински науки, вработен во Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, Република Македонија.

Рецензентската комисија во состав:

- д-р Мирко Спироски, редовен професор во пензија за наставно-научната област медицинска генетика – претседател;
- д-р Александар Петличковски, редовен професор за наставно-научната област медицинска генетика, специјалист по клиничка генетика – член;
- д-р Виолета Анастасовска, научен советник по медицинска генетика, специјалист по медицинска генетика – член

ја разгледа документацијата приложена од кандидатот и има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да му го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот проф. д-р Тодор Арсов е роден на 16.5.1973 година во Скопје, каде што го завршува основно (Основно училиште „Лазо Трповски") и средно образование (СОУ „Никола Карев", насока Биотехнологија) со одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишува во 1991 година, а дипломира во 1997 година со просечен успех 9,6.

Проф. д-р Тодор Арсов се вработува на Институтот за патофизиологија и нуклеарна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје на 17.6.1998 година, по осуммесечно волонтирање, а на Институтот за имунобиологија и хумана генетика на Медицинскиот факултет во Скопје на 7.6.2000 г. и повторно на 31.12.2020 г. Во периодот 2003-2020 г. работи во престижни академски и истражувачки институции во Австралија и во САД, како што с:е Австралискиот национален универзитет (2003-2007, 2016-2019), Универзитетот Станфорд (постдокторска позиција 2006-2008), Универзитетот во Мелбурн (постдокторска позиција 2008-2010) и Универзитетот Колумбија (2020). Во 2020 г. е вработен на Институтот за имунобиологија и хумана генетика на Медицинскиот факултет во Скопје, а од 9.2.2023 г. е вработен на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Области од особен стручен и научен интерес на кандидатот се генетско советување (педијатриско, пренатално, болести со доцен почеток и канцер), геномна дијагностика и интерпретација на генетски варијанти, етички проблеми во клиничката генетика и генетското советување, управување со клинички истражувања и развој на лекови.

*Постдипломско усовршување во областа на медицинската генетика*

Во 1998 година, д-р Тодор Арсов се запишува на интердисциплинарните постдипломски студии по молекуларна биологија и генетско инженерство во областа на молекуларната медицина кои ги завршува во 2003 година со успешна одбрана на магистерската тема под наслов „Преваленција на Фактор V Лајден кај пациенти со длабока венска тромбоза, белодробна тромбоемболија и во општата популација во Република Македонија".

Својата докторска дисертација во областа на генетиката на цилиопатиите на тема „Генетски и фенотипски анализи на дебело австралиско глувче – анимален модел на човечкиот Alström синдром" под менторство на професорот Chris Goodnow ја работи во Австралискиот национален универзитет (Камбера, Австралија) во периодот 2003-2007 година.

По завршувањето на докторските студии, д-р Тодор Арсов го продолжува научноистражувачкото усовршување во областа на хуманата генетика во областа на генетското мапирање и идентификација на нови гени во хуманата патологија со постдокторски студии во Одделот за генетика на Универзитетот Станфорд во САД (2006 – 2008) и Универзитетот во Мелбурн (2008 – 2010), каде што основал и раководел со нова Лабораторија за молекуларна генетика во Центарот за епилепсија.

Стручното усовршување и професионална специјализација во областите на генетското советување и дијагностичката геномика проф. д-р Тодор Арсов ги реализира со завршување на два престижни професионални двегодишни магистерски курса на Универзитетот во Сиднеј (генетско советување) и Технолошкиот универзитет во Квинсленд (дијагностичка геномика), Австралија.

Стручното клиничко усовршување и професионална специјализација во областа на генетското советување кандидатот го реализира на Универзитетот во Сиднеј, каде што ја завршил престижната стручна магистерска програма за генетско советување (2017-2019) и одбранил истражувачка магистерска теза на тема „Етички проблеми во геномно тестирање во одделите за неонатална интензивна нега". Во периодот 2018-2019 кандидатот ја завршува и стручната магистерска програма по геномна дијагностика на Универзитетот за технологија во Квинсленд. Во оваа област, д-р Тодор Арсов стручно се усовршувал на Одделот за хумана генетика и генетско советување при Универзитетот „Џорџ Вашингтон" во Сиетл (февруари 2019 г.) и Одделот за клиничка генетика и генетско советување, Универзитет „Колумбија", Њујорк (едногодишен престој, 2020 г.).

Сите постигнати меѓународни научни и стручни квалификации се нострифицирани во нашата земја од страна на Министерството за образование и наука.

*Клинички истражувања и развој на лекови*

Во периодот 2003 – 2007, д-р Тодор Арсов работел во Националниот центар за клинички истражувања во болницата „Камбера" како соработник –

клинички истражувач и се стекнал со постдипломска диплома по управување со клинички студии на Универзитетот во Камбера. Во периодот 2010 – 2016 работел во фармацевтската индустрија во Австралија (компании: Берингер Инглехајм, Фајзер) како медицински советник во развој на лекови.

*Академски позиции*

На 1.6.2000 година кандидатот е избран за помлад асистент по предметот Патолошка физиологија, а на 31.10.2002 г. е избран за асистент по предметот Имунологија на Медицинскиот факултет во Скопје.

Во периодот 2008-2010 г., д-р Тодор Арсов има академска позиција виш научен соработник на Универзитетот во Мелбурн, Австралија, а во периодот 2016-2022 г. позиција виш научен соработник во Центарот за персонализирана имунологија во Училиштето за медицински истражувања „Џон Куртин“ во Австралискиот национален универзитет, Камбера, Австралија.

Во 2016 година кандидатот учествува во основањето на Австралиско-кинескиот центар за персонализирана имунологија во Болницата „Ренџи“ во Универзитет „Џао Тонг“ во Шангај, Кина, каде што имал академска позиција вонреден професор.

Кандидатот проф. д-р Тодор Арсов е избран за вонреден професор по медицинска генетика на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во февруари 2022 г.

Од 14.9.2022 г. кандидатот е насловен вонреден професор, а од 10.02.2023 г. е вонреден професор по медицинска генетика на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, член на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки и член на Научно-наставниот совет на докторските студии на Факултетот за медицински науки.

1. **ЗАКОНСКИ И СТАТУТАРНИ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР** (доставена *Табела која се пополнува при избор на редовен професор* на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип)

Вонредниот професор по медицинска генетика д-р Тодор Арсов е доктор по медицински науки од обласа Генетика, а неговата научно-истражувачка работа е главно фокусирана во областите на генетските основи на болестите, со посебен интерес во областите на неврогенетиката, генетиката на имунолошки посредуваните болести, геномната дијагностика на ретките болести, пренатална генетика и генетското советување.

1. Проф. д-р Тодор Арсов завршил додипломски студии на Медицинскот факултет во Скопје, среден успех 9,6.

Проф. д-р Тодор Арсов има завршено три постдипломски магистерски студии:

- магистер по молекуларна медицина од интердисциплинарните студии по молекуларна биологија и генетско инженерство при УКИМ, Република Македонија, среден успех 10,00;
- магистер по дијагностичка геномика од Технолошкиот универзитет во Квинсленд, Австралија. Квалификацијата е нострифицирана во Министерството за наука и образование во нашата земја, среден успех 8,9;

- магистер по генетско советување од Универзитетот во Сиднеј, Австралија. Квалификацијата е нострифицирана во Министерството за наука и образование во нашата земја, среден успех 9,3.

2. Проф. д-р Тодор Арсов има диплома за завршени докторски студии и се стекнува со академски степен доктор по медицински науки од Австралискиот национален универзитет во Камбера, Австралија, (рангиран на 73. место на Шангајската листа во годината на одбрана на докторатот). Квалификацијата е нострифицирана во Министерството за наука и образование во нашата земја.

3. Проф. д-р Тодор Арсов има објавено повеќе од 60 научноистражувачки трудови од кои 15, наведени под реден број 5.1-5.9, 4А.1-4А4 и 6.1-6.2 во *Табелата на активности кои се бодираат при изборот во звање* се публикувани во меѓународни научни списанија во последните 5 години. Бодувани при овој избор се 11-те трудови кои се објавени од последниот избор до сега. Научните трудови со кои проф. д-р Тодор Арсов ги исполнува законските критериуми за избор во звање редовен професор се трудовите наведени во Табелата подолу и под точките 5.1-5.9 и 6.1-6.2 од *Табелата на активности кои се бодираат при изборот во звање*.

**Табела со објавени трудови**

| |
|---|
| 1. PMID: 33200177<br>**Arsov T** et al. Infanticide vs. inherited cardiac arrhythmias.<br>*Europace 2021, 23:441* (*Импакт фактор 5,5*) |
| 2. PMID: 34619368<br>**Arsov T** et al. Expanding the clinical spectrum of pathogenic variation in NR2F2: Asplenia.<br>*Eur J Med Genet 2021, 64:104347* (*Импакт фактор 2,5*) |
| 3. PMID: 34386995<br>Brnjarchevska Blazhevska T, Babačić H, Sibinovska O, Dobrevski B, Kirijas M, Milanovski G, **Arsov T**, Petlichkovski A. A single dose of BNT162b2 vaccine elicits strong humoral response in SARS- CoV-2 seropositive individuals.<br>*Allergy 2021, 77:296* (*Импакт фактор 14,7*) |
| 4. PMID: 34889940<br>He Y, Gallman AE, Xie C, Shen Q, Ma J, Wolfreys FD, Sandy M, **Arsov T**, Wu X, Qin Y, Zhang P, Jiang S, Stanley M, Wu P, Tan J, Ding H, Xue H, Chen W, Xu J, Criswell LA, Nititham J, Adamski M, Kitching AR, Cook MC, Cao L, Shen N, Cyster JG, Vinuesa CG. P2RY8 variants in lupus patients uncover a role for the receptor in Immunological tolerance. *J Exp Med 2022, 219:e20211004* (*Импакт фактор 17,6*) |
| 5. PMID: 36622335<br>Xie C, Zhou H, Athanasopoulos V, Shen Q, Zhang Y, MengX, Burgio G, **Arsov T**, Lungu CA, Zhang P, Qin Y, Ma Y, Wu X, Jiang X, Ding H, Meng Y, Shen N, He Y, Vinuesa GC. A de novo PACSIN1 gene variant found in childhood lupus reveals a role for PACSIN1-TRAF4 complex in TLR7 activation.<br>*Arthritis & Rheumatology 2023, 75:1058* (*Импакт фактор 13,3*) |
| 6. PMID: 36880043<br>**Arsov T**. "We've opened Pandora's box, haven't we?" Clinical geneticists' views on ethical aspects of genomic testing in neonatal intensive care unit.<br>*BJMG 2023, 25:5* (*Импакт фактор 0,8*) |
| 7. PMID: 37265970<br>Nonkulovski D, Sofijanova A, Spasovska T, Milanovski G, Muaremoska-Kanzoska Lj, **Arsov T**. Semilobar holoprosencephaly caused by a novel and de novo ZIC2 pathogenic variant.<br>*BJMG 2023, 25:71* (*Импакт фактор 0,8*) |

| |
|---|
| 8. PMID: 37504294<br>Sestan M, Kifer N, **Arsov T**, Cook M, Ellyard J, Vinuesa GC, Jelusic M. The role of genetic risk factors in pathogenesis of childhood-onset systemic lupus erythematosus.<br>*Curr Issues Mol Biol 2023, 45:5981* (*Импакт фактор 2,9*) |
| 9. PMID: 37747745<br>**Arsov T** et al. Ataxia telangiectasia and juvenile idiopathic arthritis: A coincidence or a relationship? *Ped Allergy Immunol 2023, 34:e14017* (*Импакт фактор 6,4*) |
| 10. Savevska T, Efinska Mladenovska O, Stamatovska K, Otljanska M, Arnaudova F, Otljanski M, Kirijas M, Brnjarchenska Blazhevska T, Sibinovska O, Milanovski G, Iljoska S, Dobrevski B, **Arsov T**, Petlichkovski A, Trajkov KD. Type of CYP450 2C19 gene metabolisers in patients undergoing percutaneous coronary intervention in the **Republic** of North Macedonia.<br>*JMS 2022, 5:78* |
| 11. Sibinovska O, Petlichkovski A, Brnjarchevska Blazhevska T, Arsov T, Milanovski G, Efinska Mladenovska O, Dobrevski B, Iljoska S, Saveska T, Stamatovska K, Ristovski V, Bliznakovska Stanchev D, Kajevikj S, Cvetkovska E, Trajkov D, Cujic D, Gnjatovic M, Kirijas M. Prevalence of anti-SARS-CoV2 IgG antibodies in Skopje, North Macedonia: 2-time points population-based cross-sectional study.<br>*Acad Med J 2023, 3:19* |

10. Savevska T, Efinska Mladenovska O, Stamatovska K, Otljanska M, Arnaudova F, Otljanski M, Kirijas M, Brnjarchenska Blazhevska T, Sibinovska O, Milanovski G, Iljoska S, Dobrevski B, **Arsov T**, Petlichkovski A, Trajkov KD. Type of CYP450 2C19 gene metabolisers in patients undergoing percutaneous coronary intervention in the Republic of North Macedonia. *JMS 2022, 5:78*

Во овој труд авторите ја честотата на полиморфизмите c.681G> A; c.636G> A; c.1A> G; c.1297C> T; c.395G> A; c.819 + 2T> A; c.358T> C; c.-806C> T во генот *CYP450 2C19* кај пациенти со срцева болест кои се лекуваат со клопидогрел. Групата вклучила 42 пациенти на средна возраст од 65 год. (с.д. 9,7). Авторите ја анализираат честотата на дадените полиморфизми и ја нагласуваат важноста од познавањето на овие фармакогенетски детерминанти на метаболизмот на клопидогрелот во човечкиот организам.

11. Sibinovska O, Petlichkovski A, Brnjarchevska Blazhevska T, Arsov T, Milanovski G, Efinska Mladenovska O, Dobrevski B, Iljoska S, Saveska T, Stamatovska K, Ristovski V, Bliznakovska Stanchev D, Kajevikj S, Cvetkovska E, Trajkov D, Cujic D, Gnjatovic M, Kirijas M. Prevalence of anti-SARS-CoV2 IgG antibodies in Skopje, North Macedonia: 2-time points population-based cross-sectional study. *Acad Med J 2023, 3:19*

Во овој труд авторите ја анализираат преваленцијата на anti-SARS-CoV2 IgG anti-SARS-CoV2 IgG антителата во регионот на Скопје во текот на пандемијата со КОВИД-19, во две временски точки 02.2021 и 02.2022 год. кај околу 1004 испитаници. Авторите наоѓаат пораст на процентот на серопозитивните од 31,4% на 86,8%. Авторите ги анализираат и споредуваат резултатите во однос на полот, возраста и постоење на претходно позитивен ПВР тест. Во втората временска точка авторите наоѓаат висока стапка од 65,7% на серопозитивност кај пациентите кои не биле имунизирани и кои немале претходен позитивен ПВР тест

2. Проф. д-р Тодор Арсов е претходно бил вонреден професор во Универзитетот „Цао Тонг", Шангај, Кина, виш научен соработник во Австралискиот национален универзитет, а во нашата земја бил избран за вонреден професор по медицинска генетика на Медицинскиот факултет во Скопје и на Универзитетот „Гоце Делчев"

во Штип. Првиот избор во звање вонреден професор бил во 2016 година.

3. Проф. д-р Тодор Арсов има објавени рецензирани универзитетски учебници и практикуми и е коавтор на поглавје од научна книга од научната област во која се избира – точки 9.1-9.3 и 10.1 од *Табелата на активности кои се бодираат при изборот во звање*.

4. Проф. д-р Тодор Арсов има демонстрирана способност за изведување на сите видови високообразовна дејност.

5. Проф. д-р Тодор Арсов бил ментор и член на менторски колектив на успешно одбранети докторски тези.

6. Проф. д-р Тодор Арсов раководел со и учествувал во научноистражувачки проекти.

7. Проф. д-р Тодор Арсов има придонес во оспособување на помлади наставници и соработници.

8. Проф. д-р Тодор Арсов има остварено вкупно 290 поени од неговата целокупната активност, систематизирани во *Табелата на активности кои се бодираат при изборот во звање.*

**3. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ**

Рецензентската комисија ги имаше предвид и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот до денот на пријавата, а врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

*Наставно-образовна дејност*

Кандидатот д-р Тодор Арсов бил активно вклучен во наставно-образовната дејност на Медицинскиот факултет во Скопје, по предметите Патофизиологија и Имунологија за студентите по општа медицина, стоматологија и фармација на Медицинскиот факултет во Скопје преку водење на практична настава (вежби), држење семинари и индивидуални консултации.

На Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип кандидатот е активно вклучен во теоретската и практичната настава по предметите Хумана генетика во студиската група Општа медицина (на македонски и англиски јазик), Клеточна биологија и Хумана генетика во студиската програма Дентална медицина, Молекуларна биологија со генетика во студиската програма Фармација, Основи на хумана генетика во студиската програма Медицински сестри и Основи на хумана генетика во студиската програма Акушерки.

Кандидатот бил ментор на успешно одбранета докторска дисертација на Медицинскиот факултет во Скопје. Бил активно вклучен во супервизија на докторанд на Универзитетот во Загреб кој успешно ја одбранил својата дисертација. Актуелно е ментор на тројца докторанди на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Бил вклучен во поголем број на работилници и слични стручни форуми од образовна природа во земјава и во светот, наменети за студенти, постдипломци и колеги во контекст на континуирана медицинска едукација.

Како генетски советник, проф. д-р Тодор Арсов е вклучен во едукативната кампања насочена кон здравствените работници и општата популација на Здружението за ретки болести на волонтерска основа.

*Научноистражувачка дејност*

Кандидатот д-р Тодор Арсов е автор или коавтор на книги, научни и стручни трудови. Кандидатот е автор или коавтор на преку 65 научни и стручни трудови во престижни рецензирани и индексирани меѓународни списанија, од кои 13 во последниве 5 години (4 вклучени во рецензијата при претходниот избор). Трудовите се од областите на хуманата генетика и клиничките истражувања. Активно е вклучен во поголем број меѓународни и национални истражувачки проекти. Во академската / научноистражувачка кариера, д-р Тодор Арсов имал можност да работи и да се изградува во врвни светски истражувачки центри, како што се Универзитетот „Станфорд", Универзитетот „Колумбија" и Австралискиот национален универзитет.

*Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес*

Што се однесува до стручно-апликативната дејност, со особено задоволство би издвоиле дека во текот на своето вработување на Институтот за имунобиологјиа и хумана генетика на Медицинскиот факултет во Скопје, кандидатот д-р Тодор Арсов развил нова дејност во областа на генетското советување, воведувајќи методи за генетско советување во педијатрија, пренатална генетика, болести со доцен почеток и канцер.

Во лабораториската генетска дејност, кандидатот учествувал во развојот на Лабораторијата за молекуларна генетика на Институтот за имунобиологија и хумана генетика, ги основал и раководел со лабораториите за генетика при Центарот за епилепсии во Универзитетот во Мелбурн и во Центарот за персонализирана имунологија во болницата Ренци, во Шангај, Кина.

Посебно го издвојуваме волонтерскиот ангажман на д-р Тодор Арсов како експерт сведок од областа на генетиката на покана од Круната, каде што како член на стручниот тим од Австралискиот национален универзитет обезбедува и презентира нови докази во еден од најозлогласените и контроверзни случаи во австралиското криминално право во сослушувањата на случајот во 2019 и 2023. Кандидатот бил член на Комисијата за цистична фиброза при Министерството за здравство и член на Комисијата за стручен надзор при Министерството за здравство во 2023 година.

Во дејности од поширок интерес би ги издвоиле членувањето во уредувачки одбор на меѓународно научно списание и членство во организациски / програмски одбор на меѓународни научни собири, но исто така и волонтерскиот ангажман како медицински советник на Здружението за ретки болести.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Проф. д-р Тодор Арсов е доктор по медицински науки, вонреден професор по медицинска генетика и единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања во областа на медицинската генетика. Научноистражувачката работа на проф. д-р Тодор Арсов е главно фокусирана во областа на медицинската генетика, а неговата стручната работа е во областа на генетското советување. Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека проф. д-р Тодор Арсов поседува извонредни научни и стручни квалитети во областа на медицинската генетика кои ќе овозможат понатамошен развој, како на наставната така и на клиничката апликација на оваа медицинска дисциплина во нашата земја. Врз основа на

приложениот материјал, како и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ -Штип да го избере проф. д-р Тодор Арсов во звање редовен професор во наставно-научната област медицинска генетика на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Мирко Спироски, редовен професор во пензија,
наставно-научна област медицинска генетика – претседател, с.р.
Д-р Александар Петличковски, редовен професор,
наставно-научна област медицинска генетика – член, с.р.
Д-р Виолета Анастасовска,
научен советник по медицинска генетика – член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ**
Проф. д-р Тодор Арсов

| **НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | | **Поени = 40** |
|---|---|---|
| 1. | Избор во звање вонреден професор | 40 |

| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | | **Поени = 135** |
|---|---|---|
| 2. Одбранета докторска теза | | 8 |
| 3. Постдокторски студии | | |
| 3.1 | Универзитет Станфорд, 2006-2008 | 6 |
| 3.2 | Универзитет во Мелбурн, 2008-2010 | 6 |
| 4. Одбранет магистерски труд | | |
| 4.1 | Молекуларна медицина, УКИМ | 4 |
| 4.2 | Генетско советување, Универзитет во Сиднеј | 4 |
| 4.3 | Дијагностичка геномика, Квинсленд Технолошки универзитет | 4 |
| 5. Научен труд објавен во списание со ИФ<br>*(прв автор, втор автор, останати автори) 15/10/5* | | |
| 5.1 | PMID: 33200177<br>Arsov T et al. Infanticide vs. inherited cardiac arrhythmias<br>*Europace 2021, 23:441* (*Импакт фактор 5,5*) | 15 |
| 5.2 | PMID: 34619368<br>Arsov T et al. Expanding the clinical spectrum of pathogenic variation in NR2F2: Asplenia.<br>*Eur J Med Genet 2021, 64:104347* (*Импакт фактор 2,5*) | 15 |

| | | |
|---|---|---|
| 5.3 | PMID: 34386995<br>Brnjarchevska Blazhevska T, Babačić H, Sibinovska O, Dobrevski B, Kirijas M, Milanovski G, Arsov T, Petlichkovski A. A single dose of BNT162b2 vaccine elicits strong humoral response in SARS-CoV-2 seropositive individuals.<br>*Allergy 2021, 77:296* (*Импакт фактор 14,7*) | 5 |
| 5.4 | PMID: 34889940<br>He Y, Gallman AE, Xie C, Shen Q, Ma J, Wolfreys FD, Sandy M, Arsov T, Wu X, Qin Y, Zhang P, Jiang S, Stanley M, Wu P, Tan J, Ding H, Xue H, Chen W, Xu J, Criswell LA, Nititham J, Adamski M, Kitching AR, Cook MC, Cao L, Shen N, Cyster JG, Vinuesa CG. P2RY8 variants in lupus patients uncover a role for the receptor in immunological tolerance.<br>*J Exp Med 2022, 219:e20211004* (*Импакт фактор 17,6*) | 5 |
| 5.5 | PMID: 36622335<br>Xie C, Zhou H, Athanasopoulos V, Shen Q, Zhang Y, MengX, Burgio G, Arsov T, Lungu CA, Zhang P, Qin Y, Ma Y, Wu X, Jiang X, Ding H, Meng Y, Shen N, He Y, Vinuesa GC. A de novo PACSIN1 gene variant found in childhood lupus reveals a role for PACSIN1-TRAF4 complex in TLR7 activation.<br>*Arthritis & Rheumatology 2023, 75:1058* (*Импакт фактор 13,3*) | 5 |
| 5.6 | PMID: 36880043<br>Arsov T. "We've opened Pandora's box, haven't we?" Clinical geneticists' views on ethical aspects of genomic testing in neonatal intensive care unit.<br>*BJMG 2023, 25:5* (*Импакт фактор 0,8*) | 15 |
| 5.7 | PMID: 37265970<br>Nonkulovski D Sofijanova A  Spasovska T, Milanovski G, Muaremoska-Ќanzoska Lj, Arsov T. Semilobar holoprosencephaly caused by a novel and de novo ZIC2 pathogenic variant.<br>*BJMG 2023, 25:71* (*Импакт фактор 0,8*) | 5 |
| 5.8 | PMID: 37504294<br>Sestan M, Kifer N, Arsov T, Cook M, Ellyard J, Vinuesa GC, Jelusic M. The role of genetic risk factors in pathogenesis of childhood-onset systemic lupus erythematosus.<br>*Curr Issues Mol Biol 2023, 45:5981* (*Импакт фактор 2,9*) | 5 |
| 5.9 | PMID: 37747745<br>Arsov T et al. Ataxia telangiectasia and juvenile idiopathic arthritis: A coincidence or a relationship?<br>*Ped Allergy Immunol 2023, 34:e14017* (*Импакт фактор 6,4*) | 15 |
| 5А. Научен труд објавен во списание со ИФ – *последни 5 години, рецензирани во претходен избор (прв автор, втор автор, останати автори) 15/10/5* | | |
| 5А.1 | PMID: 32499605<br>Pereira EM, Columbia University Clinical Genetics Professionals (Arsov T), Chung WK.<br>COVID-19's Impact on Genetics at One Medical Center in New York.<br>Genet Med 2020, 22:1467. (Импакт фактор 8,8) | |
| 5А.2 | PMID: 31341516<br>Arsov T, Xie C, Shen N, Andrews D, Vinuesa CG, Vaskova O. Genomic test ends a long diagnostic odyssey in a patient with resistance to thyroid hormones. Thyroid Res 2019, 12:7.<br>(Импакт фактор 2,1) | |

| | | |
|---|---|---|
| 5А.3 | PMID: 31101814<br>Simon H Jiang, Vicki Athanasopoulos, Julia I Ellyard, Aaron Chuah, Jean Cappello, Amelia Cook, Savit Prabhu, Jacob Cardenas, Jinghua Gu, Maurice Stanley, Jonathan Roco, Ilenia Papa, Mehmet Yabas, Giles D Walters, Gaetan Burgio, Kathryn McKeon, James M Byers, Charlotte Burrin, Anselm Enders, Lisa Miosge, Pablo F Canete, Marija Jelusic, Velibor Tasic, Adrian C Lungu, Stephen Alexander, Arthur R Kitching, David Fulcher, Nan Shen, Todor Arsov, Paul Gatenby, Jeff Babon, Dominic Mallon, Carmen de Lucas Collantes, Eric A Stone, Philip Wu, Matthew A Field, Thomas D Andrews, Eun Cho, Virginia Pascual, Matthew C Cook and Carola G Vinuesa. Rare coding variants in lupus risk genes contribute to systemic autoimmunity. Nature Communications 2019, 10:2201. (Импакт фактор 12,1) | |
| 5А.4 | PMID: 30213761<br>Arsov T, Sestan M, Cekada N, Frkovic M, Andrews D, He Y, Shen N, Vinuesa CG, Jelusic M. Systemic lupus erythematosus: A new autoimmune disorder in Kabuki syndrome. Eur J Med Genet 2019, 62: 103538 (Импакт фактор 2,2) | |
| 6. Научен труд објавен во меѓународно научно списание<br>*(прв автор, втор автор, останати автори) 9/6/3* | | |
| 6.1 | Savevska T, Efinska Mladenovska O, Stamatovska K, Otljanska M, Arnaudova F, Otljanski M, Kirijas M, Brnjarchenska Blazhevska T, Sibinovska O, Milanovski G, Iljoska S, Dobrevski B, Arsov T, Petlichkovski A, Trajkov KD. Type of CYP450 2C19 gene metabolisers in patients undergoing percutaneous coronary intervention in the Republic of North Macedonia.<br>*JMS 2022, 5:78* | 3 |
| 6.2 | Sibinovska O, Petlichkovski A, Brnjarchevska Blazhevska T, Arsov T, Milanovski G, Efinska Mladenovska O, Dobrevski B, Iljoska S, Saveska T, Stamatovska K, Ristovski V, Bliznakovska Stanchev D, Kajevikj S, Cvetkovska E, Trajkov D, Cujic D, Gnjatovic M, Kirijas M. Prevallence of anti-SARS-CoV2 IgG antibodies in Skopje, North Macedonia: 2-time points population-based cross-sectional study.<br>*Acad Med J 2023, 3:19* | 3 |
| 7. Секциско предавање на научен собир | | |
| 7.1 | Секција по перинатологија, предавач, Септември 2022 год. | 2 |
| 7.2 | Секција по трансфузиологија, предавач, Октомври 2022 год. | 2 |
| 8. | Студиски престој во странство | 8 |

| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ<br>И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | | **Поени<br>= 115** |
|---|---|---|
| 9. Книга / учебник | | |
| 9.1 | Практикум за хумана генетика 2006, група автори | 10 |
| 9.2 | Имунолошки практикум 2005, група автори | 10 |
| 9.3 | Анализа на случаи од имунологијата 2007, група автори | 10 |
| 10. Поглавје од книга | | |
| 10.1 | Obesity, Diabetes and Inflammation 2023, група автори | 7 |
| 11. Труд во стручно (научно-популарно) списание | | |
| 11.1 | Vox Medici, бр. 100 октомври 2018 год., 1 бод<br>„Интелектуална попреченост" | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 12. Пленарно предавање на стручен собир | | |
| 12.1 | Balkan School Paediatrics, Скопје, 2022<br>*Геномна дијагнстика, предизвици* | 2 |
| 12.2 | Ретки болести, Струга, 2022<br>*Алпорт синдром, еволуција на класификацијата и импликации за генетско советување* | 2 |
| 12.3 | SE European Working Group on Pediatric Nephrology, Скопје, 2023<br>*Предизвици во генетското советување во негрологија* | 2 |
| 12.4 | Предавање на симпозиумот Новини во неврологијата, ковид и постковид пандемиски период, Ноември 2021<br>*КОВИД-19 вовед: вирусот, домаќинот и исходите* | 2 |
| 12.5 | 7th South East European meeting on Rare Diseases Macedonia and the First Congress of Macedonian Association of Rare Diseases, Struga, June 2019. *Genomic testing in the age of rare diseases: Opportunities and challenges* | 2 |
| 12.6 | Symposium on Genomics and Rare Disease, in honor of the Rare Disease Day 2019, "Bridging Health and Social Care", 28 February, 2019, Korle Bu Teaching Hospital, Accra, Ghana<br>*Sharing experiences from the Australian genetics and rare disease landscape.* | 2 |
| 13. Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | | |
| 13.1 | 43rd HGSA Annual meeting, Wellington, New Zealand, 2019<br>Todor Arsov "Ethical Challenges in Genomic Testing in the NICU: Clinicians' views" | 1 |
| 13.2 | 43rd HGSA Annual meeting, Wellington, New Zealand, 2019<br>Todor Arsov et al. Maffucci syndrome: Rare and non-inherited cancer predisposition syndrome. P63 | 1 |
| 13.3 | 43rd HGSA Annual meeting, Wellington, New Zealand, 2019<br>Todor Arsov et al. The value of WES data re-analysis: de novo CAMK2B variant causing developmental delay. P62 | 1 |
| 13.4 | European Society Human Genetics ESHG, 2021<br>Arsov T. CAMK2B and developmental delay: WES reanalysis report. | 1 |
| 13.5 | European Society Human Genetics ESHG, 2022<br>Gorjan Milanovski et al. (Todor Arsov co-author). Diagnostic performance of NGS panel genetic testing in patients suspected for autoinflammatory syndrome. | 1 |
| 13.6 | European Society Human Genetics ESHG, 2023<br>Gorjan Milanovski (T Arsov коавтор). Gene panel testing for RAS-opathies: Is it enough? | 1 |
| 13.7 | European Federation of Immunology EFI, 2022<br>G Milanovski (T Arsov коавтор). KIR and HLA allele frequency in patients with severe COVID-19 in Republic of North Macedonia | 1 |
| 13.8 | European Academy of Childhood Disability EACD, Ljubljana, 2023<br>Lj Maremoska Kanzoska, V Dukovska, T Arsov. AD intellectual development disorder with behavioural abnormalities and epilepsy. | 1 |
| 13.9 | Macedonian Association of Neurology Conference, Struga, 2023.<br>Hereditary spastic paraplegia due to a *BSCL2* pathogenic variant: a case report and literature review. | 1 |
| 13.10 | Conference Pediatric Neurology, psychiatry and psychology, Sofia, 2023<br>Lj Muaremoska Kanzoska, T Arsov. Duchenne Muscular Dystrophy – the situation in Republic of Macedonia. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 13.11 | Conference Pediatric Neurology, psychiatry and psychology, Sofia, 2023<br>Lj Muaremoska Kanzoska, T Arsov. Spinal Muscular Atrophy – the situation in Republic of Macedonia. | 1 |
| 13.12 | Conference Pediatric Neurology, psychiatry and psychology, Sofia, 2023<br>T Arsov, Lj Muaremoska Kanzoska. Familial Acute Necrotizing Encephalopathy associated with pathogenic variant in *RANBP2*. | 1 |
| 14. Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | | |
| 14.1 | Хистолошки, клинички и лабораториски и генетски предиктори на Хенок-Шенлајн пурпура и васкулитис, Хрватска, IP-2019-04-8822 | 8 |
| 14.2 | Можности на персонализираната медицина во лечење на деца со автоимуни болести, Универзитет во Загреб | 8 |
| 14.3 | Можности на персонализираната медицина во лечење на деца со автоимуни болести, Универзитет во Загреб | 8 |
| 15. Прифатливи иновации, патент | | |
| 15.1 | Foz mice number AAG2017-0011 (ANU / Goodnoow, Arsov) | 10 |
| 16. Елаборати и експертизи | | |
| 16.1 | Експертско мислење во случајот Катлин Фолбиг, 2019 | 4 |
| 16.2 | Експертско мислење во случајот Катлин Фолбиг, 2022-23 | 4 |
| 17. Член на универзитетски или владини тела | | |
| 17.1 | Член на Комисија за цистична фиброза при МЗ | 5 |
| 17.2 | Член на Комисија за стручен надзор при МЗ | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | **ВКУПНО** | **290** |

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „ОПШТА ЛИНГВИСТИКА“**
**ОД ПРОФ. Д-Р ИГОР СТАНОЈОСКИ, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како и Одлуката бр.1902-182/17 од 274. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 20.9.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Билјана Ивановска, редовен професор на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- д-р Марија Гркова-Беадер, доцент на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Општа лингвистика“** од проф. **д-р Игор Станојоски**, наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот со наслов „Општа лингвистика“ од проф. д-р Игор Станојоски е пишуван според наставниот план и програма за предметот Општа лингвистика. Овој предмет се изучува како задолжителен предмет на студиите од прв циклус на студиската програма Македонски јазик и книжевност и изборен предмет на студиските програми Англиски, Италијански, Германски и Турски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во прва година, прв семестар, со неделен фонд на часови 2+2+1 и 6 ЕКТС.

Предложениот ракопис е во согласност со наставната програма и во целост ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет. Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот на ракописот:** Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање на ова учебно помагало во вид на учебник по предметот Општа лингвистика, е претставена во текст од вкупно 77 страници. Ракописот е структуриран во четири глави и користена литература, која претставува главен извор за подготовката на материјалот. Учебното помагало е пишувано на македонски јазик, во А4 формат со проред 1, употребен е фонт Arial со големина на буквите 11.

Обемот на ракописот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и е во согласност со Наставната програма за реализација на часовите по предметот Општа лингвистика.

Ракописот е подготвен според критериумите и стандардите согласно со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебник што обработува иста содржина за реализација на часовите по предметот Општа лингвистика на УГД досега не е објавен. Материјата од некои поглавја, како одредени дефиниции, класификации и сл., помалку или повеќе е застапена и во некои други учебни помагала од областа на општата лингвистика, но како целина и начин на обработка на материјата учебникот е индивидуална творба.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на македонски јазик, а со тоа материјата им е јасна, разбирлива, како и прифатлива на студентите што ја следат наставата по предметот Општа лингвистика. Текстот на учебникот се состои од предговор и четири глави.

Во *Предговорот* на почетокот се дава краток воведен дел во кој се претставува структурата на ракописот.

Во првата глава, насловена *Теорија на јазикот,* студентот се воведува во рамништата на лингвистичката анализа: фонетика, фонологија, морфологија, синтакса, дискурс и семантика, а главата ја затвора текстот *Три типа на односи меѓу јазичните единици*, со која студентот се запознава со синтагматските и парадигматските односи во јазикот.

Втората глава, *Историја на лингвистичките учења,* претставува централен дел на овој учебник, бидејќи ги прикажува размислувањата за јазикот од антиката (пред сè преку старогрчката и индиската граматичарска школа), па сè до втората половина на XX век. Споредбено-историскиот метод, како доминантен во XIX век; структурализмот на XX век; генеративниот пристап кон јазикот – се дел од содржините во Втората глава.

Во третата глава, *Јазикот, спознанието и општеството,* се дава преглед на повеќе интердисциплинарни науки кои го третираат јазикот како главен предмет на своите истражувања: психолингвистика, социолингвистика, невролингвистика; па потоа разгледани се и функциите на комуникацијата и односот меѓу јазикот и другите системи за предавање на информациите.

Четвртата и последна глава од овој ракопис, која е именувана *Применета и компјутерска лингвистика* ги воведува студентите во најперспективните правци на современите јазични истражувања, правени во соработка со информатичките технологии. Целта на оваа глава е студентите да се запознаат со корпусите и корпусната лингвистика, со новите трендови во лексикографијата, односно создавањето дигитални речници, како и со усниот и пишан машински превод.

На крајот е прикажана користената литература, односно е наведен список на целокупната консултирана литература за потребите на овој ракопис. Оваа литература претставува и дополнителна информација за сите оние студенти и корисници кои имаат желба да ги продлабочат своите знаења од областа на општата лингвистика.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на наведените и образложени факти за содржината на ракописот со наслов „Општа лингвистика“ од проф. д-р Игор Станојоски, Рецензентската комисија констатира дека е напишан според наставниот план и програма предвидена за предметот Општа лингвистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Содржината на ракописот, прегледноста и организираноста на секоја глава, пристапот кон проблематиката и начинот на којшто е изложена материјата обезбедуваат успешно следење и совладување на теоретскиот дел од наставната дисциплина за која е наменет.

Исто така, приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на електронски учебник според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ракописот со наслов „Општа лингвистика“ од проф. д-р Игор Станојоски да го прифати за објавување како рецензиран електронски учебник.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Д-р Билјана Ивановска, редовен професор, с.р.
Д-р Марија Гркова-Беадер, доцент, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК**
**„ОСНОВНИ ПОЗНАВАЊА НА ЛАБОРАТОРИСКАТА РАБОТА"**
**ОД НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФ. Д-Р ДАНИЈЕЛА ЈАНИЌЕВИЌ-ИВАНОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.2002-270/26 од 311. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 31.10.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Биљана Ѓорѓеска, редовен професор Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
- д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, редовен професор медицински факултет при Универзитет „Гоце Делчев"- Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„Основни познавања на лабораториската работа"** од **насловен вонреден проф. д-р Данијела Јаниќевиќ-Ивановска,** наменет за студентите од прва година на прв циклус студии за студиската програма Медицински лаборанти на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов **„Основни познавања на лабораториската работа**" од насловен вонреден проф. д-р Данијела Јаниќевиќ-Ивановска е наменет за работа на студентите од прва година, прв циклус студии за студиската програма Медицински лаборанти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. Ракописот е во согласност со планот и програмата на предметот Вовед во лабораториска работа, кој се слуша во I година (I семестар), со број на часови (2+0+1), 2 кредити, задолжителен предмет за студиската програма Медицински лаборанти.

Ракописот е напишан на македонски јазик, едноставен и разбирлив за студентите. Содржината е поделена на предговор и дванаесет тематски единици. Составен дел од ракописот е и содржината на целиот материјал поставена на почеток, како и литература и биографија на крајот од ракописот. Содржи информации за основните работни активности во медицинска лабораторија. Поради тоа е погоден не само за работа за студентите во прва година на прв циклус студии на студиската програма Медицински лаборанти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, туку може да се користи и за други сродни предмети и области кои ги проучуваат студентите од Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Исто така, одбрани поглавја на овој ракопис се наменети и за студентите од втор циклус студии, специјалистички стручни студии за студиската програма Медицински лаборанти насока Хемиско-биохемиска на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е образложен во текст од вкупно 321 страници. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален единичен проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 11. Материјалот е подготвен во 12 методски единици, распоредени во согласност со новата наставна програма. Соодветно и правилно се цитирани 192 референци, истите наведени во поглавјето Литература. Ракописот е поткрепен со 165 слики, за подобро разбирање на основните познавања за медицински лаборатории, ракување со лабораторискиот прибор, собирање на биолошки материјал, како и принципите на работа на анализатори. Обемот и содржината на ракописот ги задоволуваат критериумите според бројот на часови за предавања предвидени за соодветниот предмет на Факултетот за медицински науки, како и според одредбите на Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракописот е резултат на опсежно пребарување на обемната стручно-научна литература на домашните и светски простори. Ракописот е соодветно конципиран и темелно подготвен.

Ракописот соодветствува со акредитираната предметна програма за предметот Вовед во лабораториска работа.

Авторката на јасен и едноставен начин, со разбирлив стил сублимирано ја претставува материјата која се изучува во овој предмет. Од особена важност е да се потенцира пристапот кон содржините со цел да се прикаже и потенцира практичното значење и користењето на современите сознанија во акредитирани техники за земање и испитување на биолошкиот материјал.

**Краток опис на содржината:** Во овој учебник се објаснети дванаесет тематски единици во кои се образложени современите практики кои се применуваат во медицинските лаборатории.

Во првата тематска единица *Вовед* на овој ракопис, накусо се дава осврт за почетоците и развој на медицинските лаборатории.

Во *втората* тематска единица од ракописот, авторката ги запознава студентите лаборанти со *основните фази* на работниот процес во медицинските лаборатории. Посебен акцент се дава на преаналитичката фаза каде што се случуваат најголем број на грешки во процесот на испитувања. Понатаму се опишува аналитичката фаза, односно значајноста на воведувањето на автоматизирани анализатори во лабораториската медицина како еден од условите за намалување на бројот на медицински грешки, што воедно ја подобрува сигурноста на пациентите.

Во *третата* тематска единица *Организација на лабораториската работа* е опишана улогата на менаџерскиот тим во организирање на работниот процес, односно правилна подготовка на пациентот и земање на биолошкиот материјал, како крв урина и други телесни течности. Авторката понатаму ја истакнува и важноста за испитување, транспорт, изработка и чување на биолошкиот материјал, како и нивно правилно ракување по одредени стандардни процедури.

Во *четвртата* тематска единица *Структура и улога на вработените во медицинските лаборатории* се истакнува важноста на профилот на работници кои ги изработуваат лабораториските анализи. Лабораториската дијагностика има мултидисциплинарен пристап за изработка и добивање употребливи резултати изработени од високопрофесионален и стручен тим на доктори, биолози-биохемичари, фармацевти и лаборанти со средно и високо образование.

Во *петта*та тематска единица се опишани *видови на анализи* кои се изработуваат во медицинските лаборатории. Се истакнува важноста на изведбата на биохемиски, имунолошки, цитолошки и молекуларни анализи. Во оваа тематска единица се опишани и основните познавања на специфичните лабораториските техники за изведба на соодветните анализи.

Шестата тематска единица е наменета за запознавање на студентите со *лабораториска опрема и апаратура*, што треба лабораториите да ги поседуваат за непречено функционирање. Понатаму се дава акцент на центрифугите, апаратура без која не може лабораторијата да функционира и да ја врши својата основна дејност. Авторката посебна важност дава и на различните видови на пипетори, лабораториска алатка која се користи за пренесување на прецизни мали количини на телесна течност.

Во *седмата* тематска единица од ракописот авторката го опишува *правилното чување на реагенсите*, посочува дека во медицинските лаборатории постојат специјализирани простории за чување на реагенси под строго дефинирани услови. Авторката укажува на посебната важност на оваа тематска единица која има големо влијание за добивање на употреблив резултат.

*Осмата* тематска единица *Видови лаборатории* е особено важна за студентите, каде што детално се опишуваат лабораториите согласно со нивната специфична намена и функција. Посебен акцент се дава на трансфузиолошка, токсиколошка и форензичка лабораторија.

Во *деветтата* тематска единица авторката детално ги опишува *рутинските анализи.* Исто така, ја опишува и техниката на изведба на венепункција, техники за земање на крв, ликвор, урина и ткиво.

Во *десеттата* тематска единица ги опишува *правилното однесување и заштита во лабораториите,* како и повреди и последици при работа. Посебен осврт е даден и на медицинската етика, како важен фактор кој треба да се почитува и применува за правилно однесување во медицинските лаборатории.

Во *единаесеттата* тематска единица од ракописот се опишува *уредувањето во лабораториите* и примена на добра лабораториска пракса, пред сè водење на внатрешна и надворешна контрола. Исто така, авторката укажува на важноста на водење на електронска документација за пациентите кој е од суштинско значење за процесот на испитување.

Во *дванаесеттата* тематска единица се опишани *Новитети и акредитација во лабораториите* со акцентирање на примената на информатичка технологија за анализа на примероци. Користењето на современата технологија ја прави работата на аналитичарот побезбедна и полесна. Посебен акцент е ставен на акредитацијата на лабораториите, со кое се остварува довербата врз база на имплементација на меѓународни стандарди во дефинираниот обем на работа.

И на крај, авторката ни ги посочува последните трендови при употреба на анализатори кои се користат во изработка на лабораториските анализи за добивање на точни и валидни резултати.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот „**Основни познавања на лабораториската работа**" од насловен вонреден проф. д-р Данијела Јаниќевиќ-Ивановска ги опфаќа сите содржини од теоретски аспект, според наставната програма и содржина на предметот Вовед во лабораториска работа, за студентите во прва година, прв циклус студии за студиската програма Медицински лаборанти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Со издавање на овој ракопис студентите ќе

имаат можност да го изучуваат потребниот материјал со најновите достигнувања од оваа област, за теоретска настава во соодветен обем на македонски јазик.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебник, како и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, ракописот „Основни познавања на лабораториската работа" од насловен вонреден проф. д-р Данијела Јаниќевиќ-Ивановска да биде издаден како учебник за студентите во прва година, прв циклус, за студиската програма Медицински лаборанти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Д-р Биљана Ѓорѓеска, редовен професор, с.р.
Д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, редовен професор, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА
НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ЛЕКСИКОЛОГИЈА
НА ИТАЛИЈАНСКИОТ ЈАЗИК“ - РЕЦЕНЗИРАН ПРАКТИКУМ
ОД ДОЦ. Д-Р НАДИЦА НЕГРИЕВСКА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ,
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1902-209/11 од 276. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 8.11.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Весна Коцева, вонреден професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- д-р Јована Караникиќ-Јосимовска, доцент на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Практикум по Лексикологија на италијанскиот јазик**“ од доцент **д-р Надица Негриевска**, наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов „Практикум по Лексикологија на италијанскиот јазик” од доцент д-р Надица Негриевска е пишуван според наставниот план и програма за предметот Лексикологија на италијанскиот јазик. Овој предмет се изучува како задолжителен предмет на студиите од прв циклус на студиската програма Италијански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во четврта година, седми семестар, со неделен фонд на часови 3+2+2 и 8 ЕКТС. Предложениот ракопис е во согласност со наставната програма и во најголем обем ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет.

Ракописот е наменет како дополнување на основната литература во изучувањето на наставните содржини по предметот Лексикологија на италијанскиот јазик. Тој содржи прашања и вежби кои ќе им помогнат на студентите полесно да ги разберат и да ги усвојат содржините во скриптата, да формираат свои мислења и да донесуваат свои заклучоци.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е напишан на италијански јазик, во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 10. Текстот содржи теоретски прашања кои се однесуваат на наставните единици предвидени во предметната програма за предметот Лексикологија на италијанскиот јазик, како и вежби од различен тип, на 45 страници, поделени во четири глави кои одговараат на главите и содржината во скриптата.

Обемот на ракописот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и се во согласност со Наставната програма за реализација на часовите по предметот Лексикологија на италијанскиот јазик. Ракописот

е подготвен според критериумите и стандардите согласно со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Практикум што обработува иста содржина за реализација на часовите по предметот Лексикологија на италијанскиот јазик на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип досега не е објавен. Ракописот претставува квалитетен труд кој е од особена важност за едукацијата на идните наставници и преведувачи по италијански јазик и претставува неопходно и значајно учебно помагало за студентите кои студираат италијански јазик и книжевност.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на италијански јазик. Вокабуларот кој се содржи во вежбите е јасен, разбирлив и приспособен на нивото на познавање на италијанскиот јазик за студентите од четврта година на Групата за италијански јазик и книжевност. Целта на практикумот е подетална разработка и примена на содржините од скриптата и сметам дека е од особена важност за полесно совладување на наставната материја по наведениот предмет. Ракописот содржи теоретски прашања и вежби од различни видови: вежби со подвлекување со цел да се препознае одредена лексичка категорија, вежби со поврзување, вежби со набројување, вежби со пополнување на соодветните лексички елементи коишто недостасуваат и сл.

Практикумот содржи предговор во кој накратко е претставена содржината на ова учебно помагало. Активностите во Практикумот се поделени во четири глави според содржината на истоимената скрипта.

Во првата глава *Il lessico della lingua italiana* (*Лексиката во италијанскиот јазик*) вежбите се поделени во три подглави. Првата подглава содржи теоретски прашања за совладување на основните термини од лексикологијата на италијанскиот јазик. Во вториот дел се дадени вежби кои се однесуваат на стратификација на италијанската лексика според нејзината застапеност. Третата подглава содржи вежби за утврдување на материјалот кој се однесува на етимолошките класификации на лексиката во италијанскиот јазик.

Втората глава *La formazione delle parole* (*Зборообразување*) се состои од пет подглави. Првиот дел е посветен на совладување на теоријата и во него се содржани вкупно 10 теоретски прашања кои го опфаќаат целиот материјал кој е обработен во истоимената глава од скриптата. Останатите четири дела се посветени на основните принципи на зборообразувањето: суфиксација, алтерација, префиксација и композиција. Секоја подглава поединечно содржи теоретски прашања за утврдување на материјалот, како и разновидни вежби за збогатување на италијанската лексика преку процесот на зборообразување.

Третата глава *Le parole e il loro significato* (*Зборовите и нивното значење*) содржи шест подглави. Првата подглава е составена од 8 теоретски прашања кои се однесуваат на значењето кое го пренесуваат зборовите. Во продолжение следуваат вежби посветени на петте видови семантички релации кои се воспоставуваат меѓу зборовите. Вкупно има 40 вежби од најразновиден карактер: вежби со препознавање на одредена семантичка релација, вежби со подвлекување, вежби со дополнување и набројување.

Четвртата глава *Lessicografia* (*Лексикографија*) е поделена на две подглави. Првата подглава е посветена на теоретскиот дел од материјалот и се состои од 6 прашања за утврдување на теоријата. Вториот дел е практичен, и содржи креативни вежби коишто се однесуваат на техниката на создавање речници и нивно користење.

На крајот е прикажана користената литература, односно е наведен список на целокупната консултирана литература за потребите на овој ракопис. Оваа литература претставува и дополнителна информација за сите оние студенти и корисници кои имаат желба да ги продлабочат своите знаења од областа на граматиката на италијанскиот јазик.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на наведените и образложени факти за содржината на ракописот со наслов „Практикум по Лексикологија на италијанскиот јазик" од доцент д-р Надица Негриевска, Рецензентската комисија констатира дека е напишан според наставниот план и програма предвидена за предметот Лексикологија на италијанскиот јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Содржината на ракописот, прегледноста и организираноста на секоја глава, односно видот на прашањата и вежбите обезбедуваат успешно следење и совладување на теоретскиот дел од наставната дисциплина за која е наменет.

Исто така, приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на електронска скрипта според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип ракописот со наслов „Практикум по Лексикологија на италијанскиот јазик" од доцент д-р Надица Негриевска да го прифати за објавување како рецензиран електронски практикум.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Д-р Весна Коцева, вонреден професор, с.р.
Д-р Јована Караникиќ-Јосимовска, доцент, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „ЛЕКСИКОЛОГИЈА НА ИТАЛИЈАНСКИОТ ЈАЗИК“ – РЕЦЕНЗИРАНА СКРИПТА ОД ДОЦ. Д-Р НАДИЦА НЕГРИЕВСКА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1902-209/12 од 276. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 8.11.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Весна Коцева, вонреден професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип;
- д-р Јована Караникиќ-Јосимовска, доцент на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ЛЕКСИКОЛОГИЈА НА ИТАЛИЈАНСКИОТ ЈАЗИК“ – РЕЦЕНЗИРАНА СКРИПТА** од **доцент д-р Надица Негриевска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов „Лексикологија на италијанскиот јазик” – рецензирана скрипта од доцент д-р Надица Негриевска е пишуван според наставниот план и програма за предметот Лексикологија на италијанскиот јазик. Овој предмет се изучува како задолжителен предмет на студиите на прв циклус студии на студиската програма Италијански јазик и книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во четврта година, седми семестар, со неделен фонд на часови 3+2+2 и 8 ЕКТС.

Предложениот ракопис е во согласност со наставната програма и во целост ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет. Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот на ракописот:** Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање на ова учебно помагало во вид на скрипта по предметот Лексикологија на италијанскиот јазик, е претставена во текст од вкупно 75 страници. Ракописот е структуриран во четири глави и користена литература која претставува главен извор за подготовката на материјалот. Насловот на ракописот е на македонски јазик, додека учебното помагало е пишувано на италијански јазик, во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 10.

Обемот на ракописот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и се во согласност со Наставната програма за реализација на часовите по предметот Лексикологија на италијанскиот јазик.

Ракописот е подготвен според критериумите и стандардите согласно со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Скрипта што обработува иста содржина за реализација на часовите по предметот Лексикологија на италијанскиот јазик на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип досега не е објавена. Материјата од некои поглавја, како одредени дефиниции, класификации и сл., помалку или повеќе е застапена и во некои други учебни помагала од областа на лексиката на италијанскиот јазик, објавени на италијански јазик, меѓутоа како целина и начин на обработка на материјата скриптата е индивидуална творба.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на јасен и разбирлив италијански јазик, прифатлив за студентите коишто ја следат наставата по предметот Лексикологија на италијанскиот јазик. Текстот на скриптата се состои од предговор и четири глави.

Во *предговорот* на почетокот се дава краток воведен дел во кој се претставува структурата на ракописот.

Во првата глава *Il lessico della lingua italiana (Лексиката во италијанскиот јазик)* темелно е обработен составот на италијанската лексика. Најпрво се претставува предметот на проучување на лексикологијата, како клучна лингвистичка дисциплина која се занимава со проучување на лексичкиот фонд на даден јазик. Во продолжение се дефинирани и основните и најважни термини од лексикологијата. Потоа се зборува за поврзаноста на оваа јазична дисциплина со граматиката. Главниот акцент во оваа глава се става на стратификацијата на лексиката во италијанскиот јазик. Станува збор за една детална анализа на лексичкиот фонд на италијанскиот јазик кој главно е составен од зборови кои потекнуваат од латинскиот јазик, потоа зборови преземени од некој странски јазик, како и новоформирани зборови по пат на суфиксација, префиксација и композиција. На крајот од оваа глава се дефинирани и дијалектизмите или внатрешни заемки, односно зборови кои се преземаат од некој дијалект на италијанскиот јазик, како и неологизмите, новите лексеми во италијанскиот јазик.

Втората глава *La formazione delle parole* (*Зборообразување*) е посветена на формирање на нови зборови во италијанскиот јазик со помош на двете главни постапки во зборообразувањето: деривација и композиција. Најпрво е претставена формата или структурата на зборовите кои всушност се јадрото на лексиката на еден јазик. Понатаму е дадена една детална анализа на клучните постапки во зборообразувањето: суфиксација, префиксација и композиција. Оваа глава изобилува со голем број на примери кои ја докажуваат продуктивноста на одредени суфикси и префикси во италијанскиот јазик. Во делот на сложенките се објаснети и конгломератите, кои претставуваат еден специфичен начин на образување нови зборови. Станува збор за сложени лексички единици кои се добиваат со спојување на повеќе зборови, најчесто два глагола. Во италијанскиот јазик се доста чести и акронимите, кои по својата форма се вбројуваат меѓу сложените лексички единици и како такви се претставени на крајот на оваа глава.

Во третата глава насловена *Le parole e il loro significato* (*Зборовите и нивното значење*) е дефинирано значењето како нераскинлив дел од еден збор. Проучувањето на значењето на зборовите подразбира анализа на значењето во

рамките на односите кои се воспоставуваат меѓу зборовите во јазичниот систем. Лексиката претставува една организирана структура, а зборовите сами по себе немаат значење, туку истото го добиваат врз основа на различните семантички релации кои се воспоставуваат со останатите елементи од јазичниот систем. Токму овие семантички релации се предмет на интерес во третата глава во која детално се опишани главните семантички релации меѓу зборовите: синонимија, антонимија, хиперонимија, хипонимија, полисемија и хомонимија.

Последната, четврта глава со наслов *Lessicografia* (*Лексикографија*) е посветена на научната дисциплина што се занимава со принципите за составување разни видови речници и со нивната практична примена. Во оваа глава е направена класификација на речниците, а исто така даден е и детален опис на секој вид речник. На крајот од главата се претставени речниците на новата генерација. Станува збор за една нова етапа во рамките на лексикографијата. Новитетот се состои во тоа што за секој збор, покрај значењето, дадени се и насоки во врска со синтаксичката и прагматичката употреба на истите.

На крајот е прикажана користената литература, односно е наведен список на целокупната консултирана литература за потребите на овој ракопис. Оваа литература претставува и дополнителна информација за сите оние студенти и корисници кои имаат желба да ги продлабочат своите знаења од оваа област.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на наведените и образложени факти за содржината на ракописот со наслов „Лексикологија на италијанскиот јазик" од доцент д-р Надица Негриевска, Рецензентската комисија констатира дека е напишан според наставниот план и програма предвидена за предметот Лексикологија на италијанскиот јазик на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Содржината на ракописот, прегледноста и организираноста на секоја глава, пристапот кон проблематиката и начинот на којшто е изложена материјата обезбедуваат успешно следење и совладување на теоретскиот дел од наставната дисциплина за која е наменет.

Исто така, приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на електронска скрипта според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип ракописот со наслов „Лексикологија на италијанскиот јазик" од доцент д-р Надица Негриевска да го прифати за објавување како рецензирана електронска скрипта.

**Рецензенти**
Д-р Весна Коцева, вонреден професор, с.р.
Д-р Јована Караникиќ-Јосимовска, доцент, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „НЕВРОЛОГИЈА НА ВИЗУЕЛНА ПЕРЦЕПЦИЈА” ОД ДОЦ. Д-Р ЕЛЕНА СИМЕОНОВСКА-ЈОВЕВА , ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-291/26 на 307. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 1.9.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Анте Поповски, редовен професор во пензија,
- д-р Анита Арсовска, редовен професор на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис за скрипта „Неврологија на визуелна перцепција“ од доц. д-р Елена Симеоновска-Јовева, за студентите на прв циклус студии на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Ракописот за скрипта со наслов „Неврологија на визуелна перцепција“ претставува самостојно дело на авторот за предметот Неврологија на визуелна перцепција, наменето за студентите по оптометрија (3 семестар, со фонд на часови 3+2+1),

Приложениот ракопис е во согласност со Наставната програма по предметот Неврологија на визуелна перцепција и комплетно ја опфаќа наставната материја.

Ракописот е напишан на македонски јазик, лесно разбирлив и читлив. Се состои од десет поглавја напишани на 76 страници, на А4 формат. Поглавјата ги разработуваат потребните едукативни сознанија за студентите, како што се пристапот кон невролошкиот преглед и офталмолошки преглед, начинот на користење на анамнестичките податоци, поделбата на заболувањата на нервниот систем и невролошки заболувања кои се асоцирани со нарушувања на видот, топографската и анатомската дијагностика на заболувањата на нервниот систем, испитување на невролошкиот статус кај болниот, започнувајќи од соматскиот и невролошкиот статус, испитување на кранијалните нерви, мотилитет, сензибилитет, рефлексите, менингеалните знаци и автономниот нервен систем.
Комплетирајќи го невролошкиот статус, следното поглавје ги опфаќа дијагностичките методи што се користат во неврологијата и оптометријата, надополнет со описот на нормалниот невролошки статус кој студентите можат соодветно да го научат со што би можеле да ги разликуваат патолошките наоди во нарушувањето на нервниот систем асоциран и со нарушувања на видот. Литературата што е користена се состои од 22 домашни и странски современи автори, а на првата страница е прикажана содржината на ракописот.

Ракописот е богато илустриран со 26 слики, кои на студентот му овозможуваат практично да го разјасни напишаниот текст и да му ја прикаже суштината на невролошкиот преглед и нарушувањата во видот и видното поле.

Ракописот за скрипта е приспособен и за теоретска и за практичната настава на студентот, со дополнителни сознанија во неговата понатамошна работа со пациентите и овозможувајќи му збогатување на знаењето во разрешување на патологијата на невролошките заболувања асоцирани со видни нарушувања.

Воедно, ракописот овозможува долготрајна едукација не само на студентот, туку и на лекарот невролог, офталмолог и оптометрист кој секогаш може да се послужи со сознанијата што тука се прикажани.

Сметаме дека овој ракопис за скрипта ќе биде користен во медицинската едукација на студентот и неговите сознанија во склоп на медицинската наука, како голема помош во разрешување на проблематиката на невролошката и офталмолошката патологија.

Ракописот за скрипта „Неврологија на визуелна перцепција" има високи научни квалитети и од педагошки аспект комплетно ги задоволува потребите на студентите кои ќе го ползуваат за своето образување и надградување од областа на практичната и теоретската настава по неврологија и офталмологија.

Досега на Факултетот по медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип не е објавен ваков ракопис за предметот Неврологија на визуелна перцепција.

**З А К Л У Ч О К**

Поради тоа, предлагаме овој ракопис да се категоризира како ракопис за скрипта со наслов „Неврологија на визуелна перцепција".

Препорачуваме овој ракопис да се користи за теоретска и практичната настава и за понатамошна едукација на студентите по оптометрија на Факултетот по медицинските науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Анте Поповски, редовен професор во пензија, с.р.
Д-р Анита Арсовска, редовен професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ВАЛИДАЦИЈА НА КОМПЈУТЕРИЗИРАНИ СИСТЕМИ ОД КАТЕГОРИЈА 4 И 5 СПОРЕД ДОБРАТА АВТОМАТИЗИРАНА ПРОИЗВОДНА ПРАКТИКА“ ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП**

Со Одлука број 0206-1133/6 од 24.11.2023 година, донесена на 79. седница на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 – Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов **„Валидација на компјутеризирани системи од категорија 4 и 5 според Добрата автоматизирана производна практика“**, пријавена и изработена од м-р Никола Симоновски, студент на трет циклус студии на студиската програма Аналитика на лекови, во следниов состав:

- проф. д-р Зорица Арсова-Сарафиновска - претседател,
- проф. д-р Биљана Ѓорѓеска - член, интерен ментор,
- проф. д-р Марија Главаш-Додов - член, екстерен ментор,
- проф. д-р Милка Здравковска - член;
- проф. д-р Елена Дракалска-Серсемова - член.

Комисијата во наведениот состав го разгледа целокупно доставениот материјал и го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација со наслов „Валидација на компјутеризирани системи од категорија 4 и 5 според Добрата автоматизирана производна практика” претставува оригинален труд кој е пријавен и изработен од м-р Никола Симоновски - докторанд на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Докторската дисертација која е пријавена и изработена од кандидатот м-р Никола Симоновски е напишана на 94 страници, А4 формат, со вкупно 8 табели, 16 слики, 30 литературни цитати. Содржи листа со објавени трудови во меѓународни списанија и презентации од научни собири, како и учество на стручни конгреси и симпозиуми.

Докторската дисертација започнува со кратка содржина на македонски јазик и на англиски јазик, по кои следи дел содржина која опфаќа 8 поглавја, организирани по следниов редослед: Вовед, Преглед на литература, Цел на истражувањето, Материјал и Методи на истражувачката работа, Резултати, Дискусија, Заклучок и Користена литература.

Во првиот **Воведен дел**, докторандот направил детален преглед на литературните податоци кои се однесуваат на дефинирањето на поимите кај валидацијата на компјутеризираните системи, регулаторната рамка, животниот циклус, категоризацијата на системите, општиот процес на управување со ризици, како и управувањето со ризиците при валидацијата на компјутеризираните системи, чекорите на валидација, воведување на системот во продукциска средина, негово следење и управување, сè до неговиот престанок со работа во фармацевтската индустрија.

Основниот концепт на своето истражување кандидатот го заснова врз база на своето искуство при валидацијата на компјутеризираните системи во фармацевтската индустрија.

Валидацијата на компјутеризираните системи (CSV) е процес кој се користи за тестирање, валидација и формално документирање дека компјутеризираниот систем, кој се употребува во рамки на фармацевтската индустрија, ќе ги извршува функциите за кои е креиран и ќе ги извршува на конзистентен и прецизен начин кој е безбеден, сигурен и може да биде следен во кое било време.

Во второто поглавје **Преглед на литература**, докторандот се осврнува на валидацијата на компјутеризираните системи во фармацевтската индустрија. Врз основа на релевантни литературни податоци, докторандот подетално ги опишува фазите од животниот циклус на еден компјутеризиран систем.

Според Добрата автоматизирана производна практика (GAMP), концептот на животен циклус на еден компјутеризиран систем е составен од четири главни фази, а секоја од тие фази содржи голем број на индивидуални активности. Почетокот на животниот циклус на компјутеризираните системи се состои од активности кои вклучуваат иницијален концепт на системот, а крајната фаза на овој циклус претставува престанок со работа на системот (retirement).

При валидација на компјутеризираните системи, фармацевтската пракса користи класичен V-модел пристап. V-моделот ги сумира клучните чекори кои треба да се преземат при валидацијата на компјутеризираните системи или развојот на животниот циклус на проектот. GAMP 5 V-моделот ги опфаќа активностите што треба да се извршат и документите кои треба да бидат напишани за време на овој процес.

**Целите на трудот** се претставени во третото поглавје и истите се дефинирани прецизно и јасно. Преку нив се прикажани тезите за испитувањето и изработката на истражувањето.

Целите на истражувањето ги вклучуваат следните поставени задачи:

- да се направи споредба на компјутеризираните системи од категорија 4 и категорија 5 и одредување на соодветната стратегија за валидација на секоја од овие категории,

- прикажување на предностите и недостатоците на имплементација на компјутеризиран систем, кој е класифициран од категорија 4 или категорија 5.

Реализацијата на предвидените цели, од страна на докторандот, детално е презентирана и објаснета преку истражувачкиот дел прикажан преку користени материјали и методи.

Во поглавјето **Материјали и методи**, докторандот ги прикажува сите потребни материјали кои се користени во истражувањето и која методологија е користена за во оваа докторска дисертација.

Во петтото поглавје од докторската дисертација **Резултати** докторандот систематски ги презентира добиените резултати од истражувањето согласно со однапред поставените цели. Според добиените резултати, направена е споредба на компјутеризираните системи од категорија 4 и категорија 5, категоризирани според GAMP 5. Во овој сегмент се разгледани сите фази од животниот циклус на компјутеризираните системи, од фазата на планирање при воведување на нов компјутеризиран систем до неговиот престанок со работа. Врз основа на анализираната документација од процесот на валидација и издвоените параметри, кои се следат во текот на работењето на компјутеризираните системи, издвоени се предностите и недостатоците на имплементацијата и валидацијата на компјутеризираните системи од категорија 4 и категорија 5.

Во шестото поглавје, **Дискусија,** м-р Никола Симоновски на еден разбирлив, детален и компетентен начин ги толкува добиените резултати и ја објаснува нивната значајност. Компјутеризираниот систем од категорија 4 претставува конфигуриран производ, кој е прилагоден според потребите на корисникот т.е. фармацевтската индустрија, без да бидат направени промени во системот кои побаруваат дополнително кодирање или развој на системот. Најголем дел од системите кои се на располагање на фармацевтската индустрија припаѓаат на категоријата 4. Постапката на валидација на оваа категорија на системи вклучува верификација на направените дополнителни конфигурации, како и тестирање на функционалностите на кои им била направена таа конфигурација, како и документирањето на сите овие постапки.

Компјутеризираниот систем од категорија 5 претставува производ кој е нарачан и развиен за познат корисник. Овој компјутеризиран систем е развиен специфично за да ги задоволат барањата на корисникот т.е. фармацевтската индустрија. Во праксата постојат специфично креирани компјутеризираните системи врз основа на потребите на корисниците. Постапката на валидација вклучува повеќе процеси, од комплетно специфицирање на корисничките барања за изработка на системот, преку тестирање на сите функционалности и развојот на системот, до документирање на целиот животен циклус на компјутеризираниот систем, во кое се вклучени и сите резултати од направените тестови. Компјутеризираните системи од категорија 5 се сметаат за најкомплексни системи, кои имаат највисока стапка на ризик. Овие системи се предмет на највисоко ниво на верификација и документирање на процесот на валидација.

Седмото поглавје - **Заклучоци** јасно и со факти ги презентира добиените заклучоци од сите резултати кои се обработени во рамки на истражувањето кое ги обработува предностите и недостатоците на имплементација и валидација на компјутеризираните системи од категорија 4 и 5.

Библиографските податоци, вкупно 30, прикажани од кандидатот м-р Никола Симоновски во осмото поглавје **Користена литература**, презентираат податоци за истражувачката актуелност на оваа тема и интересот за нејзините апликативни вредности.

**Научен придонес**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Никола Симоновски, изработена под менторство на проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, редовен професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како интерен ментор и проф. д-р Марија Главаш-Додов, редовен професор, Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, како екстерен ментор, е напишана јасно, на соодветно научно и стручно ниво. Таа претставува оригинален труд, самостојно и прецизно дефиниран, јасно оформен и со систематски разработена проблематика и оригинални научни истражувања и резултати.

Изработката на оваа докторска дисертација е во согласност со принципите за научно истражување и врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет на научна работа ги задоволува и исполнува условите потребни за изработка на докторска дисертација. Научниот пристап е внимателно избран и методолошки современ. Докторската дисертација претставува оригинално истражување кое со дизајнот и методологијата ги покажува сите предности и недостатоци при имплементација и валидација на компјутеризиран систем од категорија 4 и 5 во фармацевтската индустрија.

Оваа докторска дисертација дава насоки за особините на компјутеризираните системи, при процесот на имплементација и валидација, но и во текот на нивното користење, се до ставање на системот вон употреба.

Поставените цели и работни хипотези комплетно се совпаѓаат, заклучоците и препораките се во согласност со дадените истражувачки цели, очекуваните резултати и перспективи од студијата и претставуваат добра основа за понатамошни испитувања во оваа област.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на докторатот**

Кандидатот м-р Никола Симоновски пред одбраната на докторската дисертација ги објавил следните научни трудови како самостојни трудови со публикување на резултати:

1. Simonovski, Nikola and Gjorgjeska, Biljana (2022) Benefits from paperless computer system validation in pharmaceutical industry. Macedonian pharmaceutical bulletin, 68 (1). pp. 123-124. ISSN 1857 - 8969
2. Simonovski, Nikola and Gjorgjeska, Biljana (2022) Implementation of chromatography data system in a quality control laboratory in the pharmaceutical industry. Knowledge – International Journal, 55 (4). pp. 723-727. ISSN 2545-4439
3. Simonovski, Nikola and Gjorgjeska, Biljana (2022) Documentation as an integral part of quality assurance in the pharmaceutical industry. Knowledge – International Journal, 54 (4). pp. 807-811. ISSN 2545-4439
4. Simonovski, Nikola and Gjorgjeska, Biljana (2023) Regulatory requirements and responsibilities of a qualified person in the pharmaceutical industry. Knowledge - International Journal, 57 (4). pp. 529-532. ISSN 2545-4439
5. Grozdanoska Zdravevski, Ana and Simonovski, Nikola and Popstefanova, Nada (2023) Risk reduction measures for counterfeit medicines in the supply chain. Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 69 (Suppl 1). pp. 235-236. ISSN 1857-8969

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата за оценка и одбрана детално ја разгледа докторската дисертација со наслов „Валидација на компјутеризирани системи од категорија 4 и 5 според Добрата автоматизирана производна практика" и на англиски „Validation of computerized systems category 4 and 5 according to Good Automation Manufacturing Practice", пријавена и изработена од кандидатот м-р Никола Симоновски и донесе заклучок дека истата претставува оригинален, самостоен, прецизно дефиниран, јасно оформен научен труд со систематски разработена проблематика и оригинални резултати во областа на обезбедувањето квалитет во фармацевтската индустрија.

Докторската дисертација врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет на научна работа ги задоволува и исполнува условите потребни за изработка на докторска дисертација.

Врз основа на тоа, Комисијата со особена чест му предлага на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Валидација на компјутеризирани системи од категорија 4 и 5 според Добрата автоматизирана производна практика", пријавена и изработена од кандидатот м-р Никола Симоновски и да му одобри јавна одбрана на истата.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, претседател, с.р.
Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип
Проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, ментор и член, с.р.
Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип

Проф. д-р Марија Главаш-Додов, екстерен ментор и член, с.р.
Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје

Проф. д-р Милка Здравковска, член, с.р.
Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип

Проф. д-р Елена Дракалска-Серсемова, член, с.р.
Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУС 3

| | Одлука | Тема | Ментори | Студент |
|---|---|---|---|---|
| ФМН | 0206-1133/8 од 4.11.2023 г. | Дијагностичко значење на Tc99m-MIBI за идентификација на паратироидни аденоми и ектопични паратироидни жлезди“ / „99mTc-MIBI's Diagnostic Significance for Identifying Parathyroid Adenomas and Ectopic Prathyroid Glands | проф. д-р Елена Дракалска-Серсемова, интерен ментор вон. проф. д-р Раме Мифтари, екстерен ментор | Исмет Бајрами |

## П Р Е Г Л Е Д
## НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА

| **Билтен 15.9.2023 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
| **ТЕХНОЛОШКО – ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ** | 1. Влијание на видот на кројната слика врз потрошувачката на текстилниот материјал | 2302-128/6 од 10.10.2023 год. | Проф. д-р Соња Јордева | Даниела Туџаровска Адвокатов |
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ** | 2. Казнено-правни и криминолошки аспекти на делото неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги и психотропни супстанции и прекурзори во Република Северна Македонија од 2012 до 2022 година | 1102-126/7 од 15.11.2023 год. | Вон. проф. д-р Елена Максимова | Марија Јованова |
| | 3. Кривично-правни и криминолошки аспекти на делото телесна повреда во Република Северна Македонија | 1102-126/8 од 15.11.2023 год. | Вон. проф. д-р Елена Максимова | Филип Галев |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА** | 4. Гама функција и примени | 1502-178/15 од 20.11.2023 год. | Проф. д-р Мартин Лукаревски | Катерина Трајковска |